√√Прилог 1  - Образец за Извештај од самоевалуација

До
Одбор за евалуација
Агенција за квалитет во високото образование
Кеј Димитар Влахов 4,
II-Кат Стара Комерцијална Банка
1000 Скопје

# ИЗВЕШТАЈ ОД САМОЕВАЛУАЦИЈА

| Податоци за високообразовната установа | |
|---|---|
| **Назив** | Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Педагошки факултет „Св. Климент Охридски“ - Скопје |
| **Седиште** | ул. „Дрезденска“ бр. 56, 1000 Скопје, Република Северна Македонија |
| **Контакт информации** | тел: +389-2-3066-776<br>е-меил: pedagoskifakultet@gmail.com |
| **Овластено лице на установата (име и презиме, службени контакт информации)** | проф. д-р Билјана Камчевска, декан,<br>biljana.kamcevska@pfsko.ukim.edu.mk |
| **Координатор за надворешна евалуација на установата (име и презиме, службени контакт информации)** | |
| **Основа за надворешната евалуација** | ☐ **Годишен план √**<br>☐ Барање на високообразовната установа<br>☐ Барање на Националниот Совет за високо образование и научно-истражувачка дејност<br>☐ Барање на министерот надлежен за високото образование |
| **Период за кој се однесува извештајот** | **2023-2024** |
| **Одлука за формирање на стручната комисија (број на одлука и датум)** | **02-306/5, 18.4.2024** |
| **Дали беше поднесен приговор на составот на стручната комисија за надворешна евалуација?** | ДА/НЕ |

Место, датум — МП — овластено лице на установата (потпис)

## **Упатство за пополнување**

Сите делови од Извештајот треба да бидат пополнети точно и во овој образец. Установата ги пополнува содржините означени во бела боја во долунаведените табели. За точноста на информациите одговорност сноси одговорното лице на установата.

Извештајот се доставува **на англиски јазик.** Установата може да поднесе и дополнителна верзија на македонски јазик и на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните во Република Северна Македонија.

За пополнување на пријаватасе користи фонт ArialNarrow, големина 10, без закосување (italic) или подвлекување (underline), со единичен (single) проред.

Објаснувањето за исполнетоста на индикаторите за стандардите за квалитет **не треба да биде подолгоод една страница** по индикаторво овој образец.

За сите индикатори се прикажуваат информации, акти и други релевантни информации за последните **пет години.**Во стандардите 2,3, 5 и 6 се оценува исполнетоста на индикаторите **за секоја студиска програма** акредитирана на високообразовната установа.

Извештајот и документацијата се доставуваат во електронска форма и во печатена форма во 2 примероци.**За доставувањето во електронска форма, корисно е сите пропратни документи да бидат зачувани во еден фолдер и поврзани со линкови со овој образец.Прилозите односно документацијата за секој индикатор во овој извештај се поврзуваатсо линк до конкретниот документ (Word, PDF и сл.). Фолдерот со документите и овој извештај се доставува до Одборот за евалуација.** *Пример за објаснување на исполнетост на индикатор и линкови до прилози е наведен на крајот на овој образец (Пример 2).*

Именувањето на документите се врши на следниов начин: Прилог_број на индикатор_објаснување на документот (на пример, Прилог 1.2. Прашалник од спроведени евалуации).

Доколку за еден индикатор се прикачуваат повеќе документи, се применува истото правило со додавање на буква по абецеден редослед за секој дополнителен документ (на пример, Прилог. 1.2.А. Прашалник од спроведени евалуации). Именувањето се користи и во имињата на документите во фолдерот и на прилозите/линковите наведени во овој документ.

При доставувањето на прилозите, установата истите ги зачувува во формат кој овозможува **едноставно користење на опциите за пребарување**. По исклучок, во прилозите може да се доставуваат и скенирани документи само доколку истото е неопходно.

По потреба, покрај доставената документација, исполнетоста на наведените индикатори се проверува за време на посетата на високообразовната установа.

Изјавата за точност и вистинитост на податоците прикажани во Извештајот од самоевалуација се заверува на нотар (пример 1).

# 1. ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ

| ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ<br>(ги пополнува високообразовната установа) | |
| --- | --- |
| Назив на високообразовната установа | Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Педагошки факултет „Св. Климент Охридски“ - Скопје |
| Седиште | ул. „Дрезденска“ бр. 56, 1000 Скопје, Република Северна Македонија |
| Веб-страница | https://pfsko.ukim.edu.mk/ |
| Мисија и визија на установата | МИСИЈА И ВИЗИЈА<br>Педагошкиот факултет да постигне извонредност во образованието на студентите, идните наставници, воспитувачи и библиотекари, а тоа ќе се темели врз стекнатите компетенции и излезните резултати од учењето. Нашите студенти треба да бидат подготвени да одговорат на сите предизвици на професијата и да претставуваат сила на развојот на образованието на земјата. Факултетот ќе дејствува како институција која ќе ги почитува академските, мултикултурните и етичките вредности, принципите втемелени на почитување на универзалните човечки права и ќе биде место на критички приоди во решавањето на образовните прашања.<br><br>Факултетот ќе ја унапредува соработката со други факултети при УКИМ, други универзитети и факултети во државата и надвор од неа, невладини организации и здруженија, основни училишта, предучилишни установи и библиотеки со цел да ја усовршува наставната, научноистражувачката и стручната работа. Целта на соработката, особено со сродните факултети во земјава, ќе има за цел да се усогласат ставовите за значајни прашања во сферата на предучилишното воспитание и на основното образование. Исто така, ќе се засили соработката со Министерството за образование и наука и со Бирото за развој на образованието. Факултетот треба да го потврди и да го унапреди својот авторитет во поглед на влијание и придонес кон државничките одлуки поврзани со статусот на иницијалното образование на наставниците и на воспитувачите, како и воопшто со статусот на предучилишното воспитание и основното образование во државата. Со изработката и акредитирањето на програми за стручно усовршување и перманентно образование, Факултетот треба да си го заземе местото што му припаѓа и да стане главен центар за стручно усовршување на наставниците и на воспитувачите. |
| Вид на високообразовна установа (јавна, приватно-јавна непрофитна установа и приватна непрофитна установа) | Јавна установа |
| Податоци за последната акредитација на установата и студиските програми на прв, втор и трет циклус на студии | *Акредитација на установата:*<br><br>*Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ - Скопје е запишан во Регистарот на високообразовни установи на Република Македонија на 4.6.1981 г. под број 03-1964.*<br><br>*Студиски програми на прв циклус студии* |

| | |
|---|---|
| | *Решение за акредитација на студиската програма за прв циклус студии Предучилишно воспитание, добиено од Агенцијата за квалитет во високото образование, Одбор за акредитација на високото образование, 08-145/5 од 13.04.2023.*<br>*Решение за акредитација на студиската програма за прв циклус студии Одделенска настава, добиено од Агенцијата за квалитет во високото образование, Одбор за акредитација на високото образование, 08-144/5 од 13.04.2023.*<br>*Решение за акредитација на студиската програма за прв циклус студии Библиотекарство, добиено од Агенцијата за квалитет во високото образование, Одбор за акредитација на високото образование, 08-146/5 од 13.04.2023.*<br><br>*Студиски програми на втор циклус студии*<br><br>*Решение за акредитација на студиската програма за втор циклус студии Предучилишно воспитание, добиено од Агенцијата за квалитет во високото образование, Одбор за акредитација на високото образование, 08-165/1 од 13.02.2024.*<br>*Решение за акредитација на студиската програма за втор циклус студии Одделенска настава, добиено од Агенцијата за квалитет во високото образование, Одбор за акредитација на високото образование, 08-166/1 од 13.02.2024.*<br>*Решение за акредитација на студиската програма за втор циклус студии Библиотекарство, добиено од Агенцијата за квалитет во високото образование, Одбор за акредитација на високото образование, 08-545/2 од 19.11.2021.*<br><br>*Студиски програми на трет циклус студии*<br><br>*Решение за акредитација на студиската програма за трет циклус студии Рано детско воспитание и образование, добиено од Агенцијата за квалитет во високото образование, Одбор за акредитација на високото образование, 08-293/7 од 17.09.2021.*<br><br>*Решение за акредитација на студиската програма за трет циклус студии Образование на наставници (за примарното образование), добиено од Агенцијата за квалитет во високото образование, Одбор за акредитација на високото образование,* 08-292/7 од 17.09.2021. |
| Број на вработени лица избрани во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања, кои вршат високообразовна дејност | Број на вработени лица избрани во наставно-научни и соработнички звања:<br>редовни професори – 30<br>вонредни професори – 4<br>доценти – 1<br>асистенти – 2 |
| Број на студенти во последната учебна година, по циклус на студии | Бр. на студенти во 1. циклус – 812<br>Бр. на студенти во 2. циклус – 5<br>Бр. на студенти во 3. циклус – 23 |
| Објаснете го накратко развојот на вашата установа (не подолго од 1 страница) | Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ – Скопје е основан на 13.6.1995 година со Одлука бр. 08-856/3 на Универзитетската управа на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Оваа одлука била донесена врз основа на изготвениот Елаборат за едукација на воспитувачи и на одделенски наставници, како и врз основа на согласноста на Министерството за образование и физичка култура бр. 12-2247/2. Исто така, Министерството за |

| | |
|---|---|
| | образование и физичка култура на Република Македонија со Решение бр. 12-2742/3 од 1.10.1995 година, издаде согласност за примена на наставните планови на Факултетот. Реализацијата на овие наставни планови за студиските групи Одделенска настава и Предучилишно воспитание започнала во учебната 1995/1996 година со запишување на првата генерација на четиригодишни студии на двете студиски групи на три наставни јазици: македонски, албански и турски наставен јазик.<br><br>Од особено значење за развојот на образованието во нашата земја е основањето на Вишата педагошка школа „Климент Охридски“ – Скопје, со Уредба бр.7852 на Владата на Народна Република Македонија во 1947 год. На почетокот од нејзиното основање, во Вишата педагошка школа наставата се изведува во рамките на пет студиски групи. Со текот на времето се зголемува бројот на студиските групи, така што во 1952 год. се изведува настава на 13 студиски групи, меѓу кои се и студиските групи на албански и на турски јазик, а во 1953 год. бројот на студиските групи се зголемува на 17. Наредните години нивниот број се менува во зависност од интересот за студирање и од општествените потреби. Вишата педагошка школа, во согласност со Законот за високошколските институции од 1961 год., прераснува во Педагошка академија на која покрај предметната настава се отвора и група за Одделенска настава. Во текот на своето постоење, Педагошката академија „Климент Охридски“ во Скопје се афирмира како значајна установа за оспособување наставен кадар за основните училишта во Социјалистичка Република Македонија, со вкупно 14 наставни групи од кои во 12 наставни групи се изведувала настава на македонски наставен јазик, во 6 на албански и во една група на турски јазик. Врз основа на законските одредби и Концептот за трансформација на педагошките академии, од јануари 1983 год. Педагошката академија „Климент Охридски“ во Скопје почнала постепено да се вклучува во овие развојни процеси. Заради подигнување на квалитетот на наставата во основното образование, било потребно да се подигне и нивото на стручното и на педагошкото образование на наставниот кадар во РМ. За таа цел е основан Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ – Скопје, со што дотогашните двегодишни студии на Педагошката академија прераснуваат во четиригодишни академски студии. Во учебната 1994/1995 година е запишана последната генерација студенти на Педагошката академија „Климент Охридски“ во Скопје, а во текот на нејзиното постоење своето образование за наставници на македонски, на албански и на турски наставен јазик го оформиле 13 000 студенти.<br><br>Денес Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ – Скопје е единица во рамките на Универзитетот „Св Кирил и Методиј“ во Скопје и е модерна наставно-научна и образовна институција која ги следи современите достигнувања во научните дисциплини и методиките кои се релевантни во процесот на формирање на воспитувачки и наставен кадар за потребите на предучилишното воспитание и одделенската настава во основното образование во нашата земја. Во учебната 2004/2005 година започнавме да ги применуваме новите студиски и предметни програми според Европскиот кредит трансфер-систем. Оттогаш континуирано за секоја следна генерација студиските програми на Факултетот се осовременуваат во согласност со промените што се случуваат во образованието на глобален и на национален план, како и според |

| | |
|---|---|
| | искуствата на реномираните европски и светски наставнички факултети кои продуцираат слични кадри.<br><br>Последната акредитација за студиската програма по Одделенска настава од прв циклус студии (240 ЕКТС) е со решение бр. 08-791/4 од 27.4.2023 година. Добиената акредитација е за период од пет студиски години почнувајќи од студиската 2023/2024 година.<br><br>Последната акредитација за студиската програма по Предучилишно воспитание од прв циклус студии (240 ЕКТС) е со решение бр. 08-792/4 од 27.4.2023 година. Добиената акредитација е за период од пет студиски години почнувајќи од студиската 2023/2024 година.<br><br>Покрај студиските програми по Одделенска настава и Предучилишно воспитание, на 15.9.2010 година на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ – Скопје започна со работа нова студиска програма по Библиотекарство, со што Факултетот ја прошири својата дејност со едукација на нови кадри од обласа на библиотекарството. Последната акредитација за студиската програма по Библиотекарство од прв циклус студии (240 ЕКТС) е со решение бр. 08-793/4 од 27.4.2023 година. Добиената акредитација е за период од пет студиски години почнувајќи од студиската 2023/2024 година.<br><br>Во учебната 2010/2011 година започна реализацијата на студии од втор циклус по студиските програми Одделенска настава и Предучилишно воспитание кои се изведуваат на три наставни јазици: македонски, албански и турски јазик. Тие беа акредитирани од Одборот за акредитација со Решение бр. 12-1041/2 од 25.2.2010 и Решение бр. 12-141/3 од 25.2.2010 година.<br><br>Во учебната 2015/2016 година започна и реализација на втор циклус студии по Библиотекарство како едногодишни и двегодишни студии, акредитирани од Одборот за акредитација со Решение бр. 12-205/4 и Решение бр. 12-205/5 од 17.3.2014 година. Последната акредитација на студиската програма Библиотекарство за втор циклус студии (ЕКТС) е добиена од Одборот за акредитација со Решение бр. 08-291/6 од 9.11.2021 година. Акредитацијата во согласност со ова решение е за пет студиски години почнувајќи од студиската 2021/2022.<br><br>Од 2014 година Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ – Скопје организира студии за Педагошка доквалификација во траење од еден семестар. Овие студии претставуваат трајна задолжителна форма на педагошка доквалификација во вид на стручна педагошко-психолошка и методска подготовка на сите стручни профили кои завршиле ненаставнички факултети, а се подготвуваат за воспитно-образовна и наставна работа во основното и во средното образование.<br><br>Во учебната 2017/2018 година започна со реализација студиската програма од трет циклус студии Образование на наставници (за примарното образование) акредитирана од Одборот за акредитација со решение бр. 17-232/3 од 18.1.2017 година. Следната година започна со работа уште една студиска програма од трет циклус студии Рано детско образование и воспитание акредитирана од Одборот за акредитација со решение бр. 17-385/4 |

| | |
|---|---|
| | од 20.6.2017 година.<br><br>Последната акредитација на трет циклус студии за студиската програма Рано детско воспитание и образование од трет циклус академски студии – докторски студии (180 ЕКТС) е со решение бр. 08-293/7 од 17.9.2021 година. Акредитацијата за студиската програма според ова решение е за пет студиски години почнувајќи од 2021/2022 година.<br><br>Последната акредитација на трет циклус студии за студиската програма Образование на наставници (за примарното образование) од трет циклус академски студии – докторски студии (180 ЕКТС) е со решение бр. 08-292/7 од 17.9.2021 година. Акредитацијата за студиската програма според ова решение е за пет студиски години почнувајќи од 2021/2022 година. |
| Кои се вашите клучни институционални капацитети? (не подолго од 1 страница) | - Факултет со најдолга традиција и препознатливост во однос на едукацијата на наставен кадар за предучилишно воспитание и за одделенска настава;<br>- Компетентен наставно-научен кадар во различни научни области;<br>- Можности за реализација на настава на англиски јазик и „прозорци за мобилност“;<br>- Обуки за стручно усовршување и развој на стручно-научниот потенцијал за наставно-научната и за истражувачката дејност;<br>- Современи студиски програми за трите циклуси усогласени со одделни европски и светски програми од областа на образованието;<br>- Современи просторно-технички и материјални услови за студентите и за вработените;<br>- Склучени меѓународни договори за соработка со образовни и со сродни институции од странство;<br>- Потпишани голем број меморандуми за соработка со партнер-училишта, предучилишни установи и библиотеки, невладини организации и сл.<br>- Издавач на оригинално стручно-научно списание „Педагошка ревија“;<br>- Современа и богата библиотека со стручна домашна и странска литература за сите студиски програми и циклуси. |
| Во кои области/прашања/стандарди/индикатори вашата установа постигна најголем напредок во последните пет години? (не подолго од 1 страница) | 1. Обуки за стручно усовршување и развој на стручно-научниот потенцијал за наставно-научната и за истражувачката дејност;<br>2. Современи просторно-технички и материјални услови за студентите и за вработените;<br>3. Склучени меѓународни договори за соработка со образовни и со сродни институции од странство;<br>4. Потпишани голем број меморандуми за соработка со партнер-училишта, предучилишни установи и библиотеки, невладини организации и сл.<br>5. Современа и богата библиотека со стручна домашна и странска литература за сите студиски програми и циклуси. |

| | |
|---|---|
| Кои се вашите најголеми предизвици и недостатоци? (не подолго од 1 страница) | НЕДОСТАТОЦИ:<br>Недостаток на наставен кадар,<br>Стара амортизирана зграда,<br>Недостаток на административно-технички кадар,<br>Недостаток на финансии за довршување на спортската сала,<br>Недостаток на финансии за учества на научни собири и проекти,<br>Недостаток на финансии за регистрирање и објавување трудови,<br>Недостаток на соодветни методски и предметни кабинети.<br><br>ПРЕДИЗВИЦИ:<br>Врз основа на наведените недостатоци сосема е јасно дека предизвиците би се однесувале на наоѓање решенија за нивно надминување. |

## 2. СТАНДАРДИ И ИНДИКАТОРИ ЗА КВАЛИТЕТ

### Стандард 1

сите поставени критериуми за квалитет на наставата на Факултетот

| СТАНДАРД 1: ИНСТИТУЦИОНАЛНИ ПОЛИТИКИ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ КВАЛИТЕТ | |
|---|---|
| **Индикатор** | **Документација** |
| 1.1. Установата има политика за обезбедување на квалитет која е објавена и јавно достапна. | Акт на установата или друг акт во кој е регулирана политиката на квалитет;<br>Линк до објава на веб страна. |
| *Овој дел го пополнува високообразовната установа. Објаснувањето на исполнувањето на индикаторот треба да биде конкретно, концизно и поткрепено со релевантни факти, информации, документи итн.*<br><br>За обезбедување на квалитетот Факултетот ги користи политиките донесени и објавени од страна на Универзитетот, односно:<br>1.Стратегија на УКИМ за периодот 2024-2029 година<br>2.Акционен план на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (2024-2029)<br>3.Закон за високото образование („Службен весник на РСМ“ бр. 82/18)<br>4.Правилник за стандардите и постапката за надворешна евалуација и самоевалуација („Службен весник на РСМ“ бр. 153/2022)<br>5. Статут на УКИМ<br>6. Правилник за обезбедување квалитет на УКИМ<br>7. Упатство за самоевалуација и обезбедување и оценување на квалитетот на УКИМ и неговите единици<br>8. Деловник за работа на Советот за квалитет на УКИМ | |
| **Прилози**<br><br>1.1.А.Стратегија на УКИМ за периодот 2024-2029:<br>1.1.Б.Акционен план на УКИМ за периодот 2024-2029<br>1.1.В.Закон за високото образование („Службен весник на РСМ“ бр. 82/18)<br>1.1.Г. Правилник за стандардите и постапката за надворешна евалуација и самоевалуација („Службен весник на | |

РСМ“ бр. 153/2022)
1.1.Д Статут на УКИМ
1.1.Ѓ. Правилник за обезбедување квалитет на УКИМ
1.1.Е. Упатство за самоевалуација и обезбедување и оценување на квалитетот на УКИМ и неговите единици
1.1.Ж. Деловник за работа на Советот за квалитет на УКИМ

| | |
|---|---|
| 1.2. Установата има ефикасен и логичен систем за обезбедување на квалитет на образованието. Таа користи различни алатки за оценка и унапредување на квалитетот на образованието и редовно спроведува евалуација која ги опфаќа предметите, наставниот кадар, работата на помошните/студентски служби и општото ниво на задоволство во текот на студиите. Активностите се спроведуваат врз база на утврден календар на активности. | Информација за алатките кои се користат за оцена и унапредување на квалитетот на високото образование (период на оцена, пристап итн.);<br>Прашалник од сите спроведени самоевалуации или друга алатка која се користи за самоевалуација;<br>Годишен календар на активности поврзани со обезбедувањето на квалитет. |

*Овој дел го пополнува високообразовната установа. Објаснувањето на исполнувањето на индикаторот треба да биде конкретно, концизно и поткрепено со релевантни факти, информации, документи итн.*

Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ - Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје еднаш годишно спроведува самоевалуација преку стандардизирани анкети на Универзитетот. Со анкетите (до 2022/2023 г. во хартиена форма, а од 2023/2024 г. во електронска форма)возимскиот и во летниот семестар се опфатени студентите кои го оценуваатквалитетот на наставниот кадар и квалитетот на условите за студирање, како и наставниот кадар и стручно-административната служба кои го оценуваат квалитетот на условите за работа. Анкетирањето се спроведува во согласност со „Правилникот за стандардите и постапките за надворешна евалуација и самоевалуација“ („Службен весник“ бр. 153 од 6 јули 2022 година), како и во согласност со „Упатството за самоевалуација и обезбедување и оценување на квалитетот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј “во Скопје и неговите единици“ бр 02-362/5 од 28.2.2024 година.Покрај наставниците од нашиот Факултет, опфатени се и наставниците/стручните лица од други високообразовни институции кои се ангажирани во изведување на наставата на Факултетот.

Анализата на оценките на студентите за квалитетот на наставата во зимскиот семестар во академската 2022/2023 година резултираше со висока просечна оценка (9,34) за сите испитувани параметри заедно. За поединечните параметри таа ги даде следните просечни оценки:За односот кон студентите просечната оценка изнесува 9,44, за објективноста во оценувањето 9,38, за достапноста за консултации 9,36, за редовноста и рационалноста 9,35, за обезбеденоста со материјали 9,26, за стручна подготвеност 9,33.

Во однос на квалитетот на општите услови на Факултетот, анализата на спроведените анкети за академската 2023/2024 година, во скалата на оценки од 1 (најниско) до 5 (највисоко) ги даде следните резултати: Според перцепцијата на наставно-научниот кадар за условите за работа е добиена оценката 4,086; Според перцепцијата на стручно-административната службаза условите за работа е добиена оценката 3,32 и Според перцепцијата на студентите за условите во наставата е добиена оценката 3,82.

Во согласност со добиените резултати од анкетите што се однесуваат на наставниот кадар во однос на сите прашања од анкетниот лист во 2023/2024 г., најголем дел од просечните оценки дадени од страна на студентите се движат околу 4,5. Притоа, највисоко е оценета стручноста на наставниот кадар, односно по 4,49 и во зимскиот и во летниот семестар. Во однос на другите оценувани аспекти просечните оценки од студентите за квалитетот на наставата се следните: Зааспектот „Предавањата/вежбите овозможуваат полесно совладување на испитната материја“ просечната оценка за зимскиот семестар е 4,36, додека за летниот семестар е 4,38. За „Предавањата/вежбите се интерактивни,интересни и поткрепени со конкретни примери, студии на случај, вежби и др. релевантни активности“ оценката за зимскиот семестар е 4,27 а за летниот семестар е 4,32, прашањето „На часовите ги подобрив моето знаење и вештини“ за зимскиот семестар ја доби оценката 4,30, а за летниот 4,31, за аспектот „Наставникот/соработникот има обезбедено соодветен материјал за учење и полагање на предметот“ просечната оценка за зимскиот семестар е 4,31, а за летниот е 4,35, Во однос на аспектот„Наставникот/соработникот доаѓа навреме на часовите и држи настава во согласност со предвидениот распоред“ оценката за зимскиот семестар е 4,35, а за летниот е 4,31, за аспектот„Тој/таа користи различни техники за континуирано оценување, како работа на проектни задачи, вежби, симулации, студии на случај и др.“ просечната оценка изнесува 4,23 за зимскиот, а 4,28 за летниот семестар, аспектот „Тој/таа е објективен/а,

транспарентен/а, фер и без предрасуди во наставата и оценувањето на студентите“ за зимскиот семестар оценката е 4,34, а за летниот е 4,36, за „Секогаш е достапен/а за консултации во приемно време“ оценката за зимскиот семестар е 4,25, а за летниот 4,30 и во однос на аспектот „Секогаш одговара на е-пораките од студентите во разумен временски рок“ просечната оценка е 4,30 во зимскиот семестар и 4,31 во летниот семестар.

По спроведувањето на самоеваулацијата за 2023/2024 година, а по препораките на Советот за квалитет на Факултетот, годишниот календар за активности поврзани со обезбедување на квалитет ќе биде усвоен на седница
на Наставно-научниот совет.

**Забелешка:** При анализата на резултатите добиени од системот се забележува повеќекратно повторување на еден ист предмет што го држи еден професор (се однесува на сите професори и предмети), а тоа придонесува да не се добие реална слика/оценка за конкретниот предмет и/или професор.

**Прилози**

**1.2.А.** **Линк до Извештајот за самоевалуација 2019-2022**
**1.2.Б.****Правилникот за стандардите и постапките за надворешна евалуација и самоевалуација** **(„Службен весник“ бр. 153 од 6 јули 2022 година)**
**1.2.В.** **Упатството за самоевалуација и обезбедување и оценување на квалитетот на Универзитетот „Свети Кирил и Методиј “во Скопје и неговите единици** **бр. 02-362/5 од 28.2.2024 година.**
**1.2.Г.** **Линк до резултатите од анкетата за перцепцијата на наставниот кадар за квалитетот на условите за работа**
**1.2.Д .** **Линк до резултатите од анкетата за перцепцијата на стручно-административниот кадар за квалитетот на општите услови за работа**
**1.2.Ѓ.** **Линк до резултатите од анкетата за перцепцијата на студентите за квалитетот на наставата**
**1.2.Е.** **Линк до резултетите од анкетата за перцепцијата на студентите за општите услови за студирање**

| | |
|---|---|
| 1.3. Управата на установата е посветена на развојот и унапредување на квалитетот на образованието. Постои култура на координација и соработка помеѓу засегнатите страни во процесот. Установата поттикнува и обезбедува вклученост на студентите, работодавците и други релевантни институции/организации во процесот. | Конкретни примери и резултати, најдобри практики;<br>Релевантни извештаи или препораки;<br>Примери на вклучување на студентите, работодавците и други релевантни институции/организации во процесот на обезбедување на квалитет. |

*Овој дел го пополнува високообразовната установа. Објаснувањето на исполнувањето на индикаторот треба да биде конкретно, концизно и поткрепено со релевантни факти, информации, документи итн.*

Факултетот ги подобрува студиските програми следејќи ги процесите на водечките светски институции од областа, како и потребите на македонското образование. Сите студиски програми на Факултетот се акредитирани и се во согласност со важечките законски решенија. Постапката за акредитација се спроведува редовно на секои пет години. Дополнително, процесот на самоевалуација ги определува можностите за подобрување на квалитетот на целокупната дејност на Факултетот. За подобрување на квалитетот на студиските програми, Факултетот организира средби со членовите на Одборот за соработка и доверба со јавноста на кои се дискутира околу конкретни прашања и се донесува одлука за евентуални корекции и прифаќање на Програмите. За таа цел се води записник кој се архивира и се објавува на ВЕБ-страницата на Факултетот.

Исто така, студентите, како важна алка од развојот и функционирањето на Факултетот, се вклучуваат со свои проценки и видувања во однос на ефектите кои студиските програми ги оставаат врз развојот на нивните компетенции. Тие се активни во сите тела на Факултетот, вклучувајќи ги и Советот за самоевалуација и Комисијата за самоевалуација.

Прилози

1.3.А. Збирка на добри практики во која коавтори се професори од Факултетот

1.3.Б. Мислење(записник) од Одборот за соработка и доверба со јавноста за студиската програма Предучилишно воспитание на прв циклус студии

1.3.В. Мислење(записник) од Одборот за соработка и доверба со јавноста за студиската програма Одделенска настава на прв циклус студии.

1.3.Г. Мислење(записник) од Одборот за соработка и доверба со јавноста за студиската програма Библиотекарство на прв циклус студии

1.3.Д. Мислење(записник) од Одборот за соработка и доверба со јавноста за студиската програма Одделенска настава на втор циклус студии

1.3.Ѓ. Мислење(записник) од Одборот за соработка и доверба со јавноста за студиската програма Предучилишно воспитание на втор циклус студии

1.3.Е. Одлука за изменување на Одлуката за избор на претставници студенти во Советот за самоевалуација на ПФСКО

1.3.Ж. Одлука за избор на претставници студенти во Комисијата за самоевалуација на ПФСКО:

| | |
|---|---|
| 1.4. Во рамките на установата функционира посебно тело надлежно за развој и имплементација на политиката за обезбедување квалитет. | Акт за формирање на телото;<br>Извештаи од неговата работа или записници од одржаните седници. |

*Овој дел го пополнува високообразовната установа. Објаснувањето на исполнувањето на индикаторот треба да биде конкретно, концизно и поткрепено со релевантни факти, информации, документи итн.*

Во академската 2023-2024 година, врз основа на акти од УКИМ, е формиран Совет за квалитет на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ – Скопје кој е надлежен за развој и за примена на политиките за обезбедување квалитет.

Покрај Советот за квалитет, во рамките на Факултетотпостои и Комисија за самоевалуација. Во периодот јуни-јули Комисијата изработи Извештај за самоевалуација кој на 9 јули 2024 г. се усвои од страна на Наставно-научниот совет на Факултетот. Во Извештајот е даден приказ на состојбите во дејноста коишто во натамошната постапка ќе бидат разгледани од страна на Управата на Факултетот и во согласност со актите на Универзитетот, ќе се постапува во насока на натамошен развој. Врз основа на Извештајот и на спроведеното анкетирање,кое е составен дел од самоевалуацијата, во тек е изработка на Акционен план за развој на дејноста на Факултетот.

Во однос на квалитетот на општите услови на Факултетот, анализата на спроведените анкети за академската 2023/2024 година, во скалата на оценки од 1 до 5 ги даде следните резултати:

- Според перцепцијата на наставно-научниот кадар за условите за работа е добиена оценката 4,086
- Според перцепцијата на стручно-административната службаза условите за работа е добиена оценката 3,32 и
- Според перцепцијата на студентите за условите во наставата е добиена оценката 3,82.

Во двете тела има претставници од студентите кои се избрани со одлуки на Наставно-научниот совет.

**Прилози**

**1.4.А. Линк до Одлуката за формирање Комисија за самоевалуација на ПФСКО**
**1.4.Б. Линк до Одлуката за именување членови во Советот за квалитет на ПФСКО**
**1.4.В. Линк до Одлуката за избор на претставници студенти во Комисијата за самоевалуација на ПФСКО**
**1.4.Г. Линк до Одлуката за избор на претставници студенти во Советот за самоевалуација на ПФСКО**

| | |
|---|---|
| 1.5. Установата редовно ги анализира информациите кои произлегуваат од системот за обезбедување на квалитет вклучувајќи ги и статистичките информации и презема мерки за подобрување на студиските програми врз основа на тие информации. Извештајот од самоевалуација е објавен на веб страната на установата. | Извештај од самоевалуациите спроведени во последните пет години;<br>Акциски план или друг релевантен документ за имплементација на заклучоците и/или препораките од самоевалуациите;<br>Линк до извештаи од евалуациите спроведени во последните пет години. |

*Овој дел го пополнува високообразовната установа. Објаснувањето на исполнувањето на индикаторот треба да биде конкретно, концизно и поткрепено со релевантни факти, информации, документи итн.*

На Факултетот постои Комисија за самоевалуација која редовно спроведува анкетирање и анализа на состојбите и подготвува соодветен извештај. Последната самоевалуација беше спроведена во 2023 година, за периодот 2019-2022 година.

**Прилози**

**1.5.А. ЛИНК кон Извештајот од последната самоевалуација 2019-2022 (приложен и во делот 1.2.А.):**

| | |
|---|---|
| 1.6.Обезбедувањето на квалитетот во установата претставува континуиран процес кој не завршува со извештајот од надворешната евалуација или со натамошното следење на установата. Препораките од претходната надворешна евалуација се имплементирани. Напредокот постигнат од последната надворешна евалуација е јасно демонстриран.[1] | Извештај од надворешна евалуација од претходниот период;<br>Акциски план;<br>Извештај за преземени мерки и активности за имплементација на Акцискиот план. |

*Овој дел го пополнува високообразовната установа. Објаснувањето на исполнувањето на индикаторот треба да биде конкретно, концизно и поткрепено со релевантни факти, информации, документи итн.*

Надворешна евалуација е направена единствено на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје како целина (не е направена досега надворешна евалуација на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски" – Скопје) во рамките на Програмата за институционална евалуација (ПИЕ) на Европската асоцијација на универзитети (ЕАУ), која беше спроведена во 2015 година. Повратна евалуација е реализирана во рамките на Проектот за развој на вештини и поддршка на иновации (SDISP) преку Министерството за образование и наука во 2017 година. Извештајот на повратната евалуација (прилог 1.6.А.) е направен од страна на независен тим на ПИЕ во состав Џорџ Шулц, претседавач Џоана Лијерус, Ленарт Олаусон, Јанис Ветра и Андре Сурсок.

Во Извештајот се потенцира дека тимот на ПИЕ бил импресиониран од капацитетот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје да работи во рамките на својата ограничена средина и неговиот многу прагматичен пристап во донесувањето одлуки. УКИМ е пофален за јасното разбирање на неговата улога во јавната служба во Република Северна Македонија. Сепак, со оглед на расположливите финансиски ресурси, тимот на ПИЕ сметал дека УКИМ ќе ја зголеми својата ефикасност ако централизира некои клучни услуги (на пр. пишување предлози за грантови) и ако може да предложи ида спроведе заедничка стратегија за настава и учење, истражување, интернационализација и внатрешно обезбедување квалитет. Економијата на обем и ефективното спроведување би произлегле од подобра централна координација и стратегиско управување и би се намалиле голем дел од разликите што може да се забележат на Универзитетот. Поконкретно, во извештајот се дадени 24 препораки кои се однесуваат на УКИМ како целина.

**Прилози**
1.6.А.. Извештај за надворешна евалуација на УКИМ
NE-2018-UKIM-EN.pdf

# Стандард 2

1 Овој индикатор ќе биде предмет на оценка по завршувањето на првата надворешна евалуација односно при следната надворешна евалуација на установата.

<table>
<tr><th colspan="2">СТАНДАРД 2: КРЕИРАЊЕ, ОДОБРУВАЊЕ И СЛЕДЕЊЕ НА СТУДИСКИТЕ ПРОГРАМИ</th></tr>
<tr><th>Индикатор</th><th>Документација</th></tr>
<tr><td>2.1. Установата има донесен/и акт/и или правила со кој се уредува постапката за изработка и одобрување на студиските програми за прв, втор и трет циклус на студии (доколку е применливо).</td><td>Акт во кој е регулирано прашањето;</td></tr>
<tr><td colspan="2">Овој дел го пополнува високообразовната установа. Објаснувањето на исполнувањето на индикаторот треба да биде конкретно, концизно и поткрепено со релевантни факти, информации, документи итн.<br><br>Постапката за изработка и одобрување на студиските програми за прв, втор и трет циклус студии на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ – Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје е регулирана во согласност со членот 145 од Законот за високото образование („Службен весник на РСМ“ бр. 82/18) и Упатствата, актите и правилата за поднесување и начинот на пополнување на елаборатите за акредитација на студиска програма од прв, втор и трет циклус студии од Одборот за акредитација на високото образование.<br><br>Постапката за акредитација се спроведува редовно, на пет години, а во согласност со Упатството започнува една година пред истекот на тековната акредитација на студиската програма/и.<br><br>Сите акти и правила со кои се уредува постапката за изработка и одобрување на студиските програми за прв, втор и трет циклус студии на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ – Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје се во согласност со наведените упатства од Агенцијата за евалуација на високото образование, т.е. Одборот за акредитација на високото образование.<br><br>Документите за акредитација се подготвуваат во согласност со Правилникот за задолжителните компоненти кои треба да ги поседуваат студиските програми од првиот, вториот и третиот циклус студии („Службен весник на РепубликаМакедонија“ бр. 25/11) и во согласност со Упатството за начинот на пополнување на елаборатите за акредитација на студиска програма</td></tr>
<tr><td colspan="2">Прилози<br><br>2.1.А. <u>Линк до Законот за високото образование</u> („Службен весник на РСМ“ бр. 82/18)<br><br>2.1.Б.<u>Линк до Правилникот за содржината на студиските програми</u><br><br>2.1.В.<u>Линк до Упатството за пополнување на Елаборат за студиска програма од прв циклус студии на Одборот за акредитација на високото образование</u><br><br>2.1.Г.Линк до „Службен весник на РСМ“ бр. 25 од 28 февруари 2011 г. во кој се наоѓа <u>Правилникот за задолжителните компоненти кои треба да ги поседуваат студиските програми од првиот, вториот и третиот циклус студии</u></td></tr>
<tr><td>2.2.Содржината на студиските програми кои се изведуваат во установата е добро осмислена и опишана. Таа е релевантна за целта на програмата и постигнување на резултатите од учењето. Целите на предметите се дефинирани и усогласени со исходот на образовниот процес (learning outcome). Студиските програми се изработени во насока на непречен развој на студентот и овозможуваат студентите да се стекнат со академско знаење и вештини, вклучително и такви кои може да бидат преносливи, што значи дека може да влијаат врз нивниот личен развој и може да бидат применети во развојот на нивните идни</td><td>Студиска програма (се доставуваат сите студиски програми акредитирани на прв, втор и трет циклус, доколку е применливо и кои се изведувале во последните пет години);<br>Предметни програми (силабуси) за сите студиски програми и сите предмети;<br>Опис на утврдените исходи на образовниот процес за сите студиски програми;<br>Конкретни примери и резултати, најдобри практики.</td></tr>
</table>

| професии. | |
|---|---|

*Овој дел го пополнува високообразовната установа. Објаснувањето на исполнувањето на индикаторот треба да биде конкретно, концизно и поткрепено со релевантни факти, информации, документи итн.*

Факултетот организира студии од трите циклуси студии: прв циклус – додипломски студии во траење од четири години, втор циклус едногодишни постдипломски студии и трет циклус студии – докторски студии и тоа на следните студиски програми:

Прв циклус студии

Во рамките на првиот циклус постојат три студиски програми: Предучилишно воспитание, Одделенска настава и Библиотекарство. Според последната акредитација, тие се реализираат од академската 2023/2024 година.

Втор циклус студии

На ниво на втор циклус функционираат три едногодишни студиски програми: Предучилишно воспитание, Одделенска настава и Библиотекарство.

Последната акредитација за студиските програми Предучилишно воспитание и Одделенска настава е направена во академската 2023/2024 година, а за студиската програма Библиотекарство во академската 2021/2022 година

Трет циклус студии

Во рамките на третиот циклус имаме две студиски програми: Рано детско воспитание и образование и Образование на наставници (за примарното образование). Горенаведените програми се повторно акредитирани во академската 2021/2022 година.

Студиските програми на сите три циклуси се добро осмислени поради следново:
- Висока реализација на практичната настава во три форми: педагошка практика, методски хоспитации и педагошки стаж. Се реализираат во предучилишни институции, основни училишта и библиотеки.
- Содржината на студиските програми на сите три циклуси е усогласена со современите европски и светски текови и е во согласност со потребите на македонскиот образовен систем.
- Секоја студиска програма има јасно дефинирани дескриптори на квалификации во согласност со Уредбата за националната рамка на високообразовните квалификации (член 99 став 2 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 35/08, 103/08, 26/09, 83/09, 99/09 и 115/10).
- Кај сите предметни програми (задолжителни и изборни), јасно се наведени целите на предметната програма, односно компетенциите со кои студентот се стекнува по завршување на соодветната програма, содржината на предметната програма, методите на учење, начинот и критериумите на оценување, како и методот на следење на квалитетот на наставата.

Сите информации за студиските и за предметните програми акредититрани на прв, втор и трет циклус може да се најдат во приложените елаборати.

Покрај студиските програми, Факултетот е акредитиран како понудувач на програма за обука и понудувач на услуги за професионално усовршување на образовниот кадар во основните училишта во Република Северна Македонија за реализација на обуки на тема: „Настава насочена кон постигнување резултати од учење од повисоко ниво“ (Решение од Министерството за образование и наука на РСМ, Биро за развој на образованието, бр 02-1540/1, од 1.9.2022 г.)

**Прилози**

**2.2.А. Линкови до студиските програми од првиот циклус**
**https://pfsko.ukim.edu.mk/studiski-programi/prv-ciklus/preducilisno-vospitanie/**

**https://pfsko.ukim.edu.mk/studiski-programi/prv-ciklus/oddelenska-nastava/**

**https://pfsko.ukim.edu.mk/studiski-programi/prv-ciklus/bibliotekarstvo/**

**2.2.Б. Линкови до студиските програми од вториот циклус**
https://pfsko.ukim.edu.mk/studiski-programi/vtor-ciklus/preducilisno-vospitanie-2/

https://pfsko.ukim.edu.mk/studiski-programi/vtor-ciklus/oddelenska-nastava-2/

https://pfsko.ukim.edu.mk/studiski-programi/vtor-ciklus/bibliotekarstvo-2/

**2.2.В.Линкови до студиските програми од третиот циклус**
https://pfsko.ukim.edu.mk/studiski-programi/tret-ciklus/rano-detsko-vospitanie-i-obrazovanie/

https://pfsko.ukim.edu.mk/studiski-programi/tret-ciklus/obrazovanie-za-nastavnici/

**2.2.Г.** **Линк до фолдерот со елаборатите на студиските програми**

**2.2.Д.** **Решение од Министерството за образование и наука на РСМ, Биро за развој на образованието**, бр 02-1540/1, од 1.9.2022

| | |
|---|---|
| 2.3.Студиските програми одговараат на развојните потреби на општеството и економијата. | Конкретни примери и резултати, најдобри практики; Релевантни извештаи или препораки. |

*Овој дел го пополнува високообразовната установа. Објаснувањето на исполнувањето на индикаторот треба да биде конкретно, концизно и поткрепено со релевантни факти, информации, документи итн.*

Следејќи ги трендовите и потребите во образовниот систем кај нас, Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ при УКИМ во Скопје постојано се приспособува кон профилирање на компетентен и соодветен кадар со високи професионални способности и вештини.

1. Продуцираме кадар за предучилишните институции, за првите пет одделенија во основното образование и за библиотеките (во согласност со Законот за високото образование).
2. Реализираме педагошко-психолошка и методска доквалификација за дипломирани кадри од ненаставничките факултети. На овој начин се стекнуваат со правото да бидат наставници во предметната настава во основните и во средните училишта (во согласност со Законот за наставници и стручни соработници во основните и средните училишта).
3. Нашите студиски програми се во согласност со националните наставни планови и програми, како и со стандарите и нормативите кои го определуваат нашиот образовен систем и се во тесна врска со дејноста на нашиот Факултет.

**Прилози:**

2.3.А. Линк до Законот за основното образование:

2.3.Б.Линк до Законот за образование на возрасните

2.3.В. Линк до Законот за наставници и стручни соработници во основните и средните училишта

2.3.Г.Линк до Законот за високото образование

2.3.Д. Линк до Законот за заштита на децата:

2.3.Ѓ.Линк до Програмата за рано учење и развој

2.3.Е.Линк до Стандардите за рано учење и развој

2.3.Ж. Линк до Концепцијата за основното образование

2.3.3.Линк до Наставни планови и програми

| | |
|---|---|
| 2.4.Студиските програми се изработуваат/ревидираат во соработка со студентите и другите релевантни носители на интереси (деловна заедница, државни органи и други организации). Прибраните информации се анализираат, а програмата се прилагодува со цел да се избегне нејзино застарување. Процесот создава ефикасна средина за учење и поддршка на студентите. | Конкретни примери и резултати за соработка со студентите и другите носители на интереси, најдобри практики;<br>Релевантни извештаи или препораки;<br>Записници од одржани средби со студентите и другите учесници во процесот во функција на измена на студиските програми; |

*Овој дел го пополнува високообразовната установа. Објаснувањето на исполнувањето на индикаторот треба да биде конкретно, концизно и поткрепено со релевантни факти, информации, документи итн.*

Студиските програми за сите три циклуси студии на Факултетот се изработуваат, се ревидираат и се подобруваат во соработка со студентите и со другите релевантни институции (предучилишни институции, основни училишта, библиотеки). При ревидирањето на студиските програми и при подготовката на елаборатите за акредитација, редовно се земаат предвид потребите кои произлегуваат од научниот развој во областа, како и потребите кои произлегуваат од промените во образовниот систем кај нас.На пример,при подготовката на Студиската програма за одделенска настава која е акредитирана во 2023 година,Факултетот ја имаше предвид новата **Концепција за основното образование** во која се вклучени последните промени во нашиот образовен систем.

**Прилози**
2.4.А. Линк до Концепцијата за основно образование од 2021 година

| | |
|---|---|
| 2.5.Студиските програми користат надворешна експертиза и референци. Програмата е усогласена со најдобрите странски практики и искуства. | Предметни програми (силабуси) за сите студиски програми (со прикажана основна и дополнителна литература);<br>Листа на надворешни/странски наставници или експерти кои се вклучени во студиските програми во последните пет години.<br>Конкретни примери на усогласеност на студиските програми со најдобрите странски практики и искуства. |

*Овој дел го пополнува високообразовната установа. Објаснувањето на исполнувањето на индикаторот треба да биде конкретно, концизно и поткрепено со релевантни факти, информации, документи итн.*

При изработката на студиските програми за прв, за втор и за трет циклус студии особено се водеше сметка да се постигне меѓународна препознатливост на програмите со примена на најдобрите светски искуства во структурирањето на одделните студиски програми кои ќе бидат применливи во нашата образовна реалност. Исто така, нагласена е потребата за нивно постојано усовршување и реформирање со цел да биде во сообразност со соодветните студиски програми на факултетите од европскиот образовен простор, од кои дел се рангирани на Шангајската листа на универзитети.

Студиските програмиза прв и за втор циклус студии – Предучилишно воспитание и Одделенска настава, во голема мера, се усогласени со неколку универзитети од европскиот образовен простор како:

- РСловенија - Универзитет во Љубљана:Педагошки факултет http://www.pef.uni-lj.si/
- Р Хрватска – Свеучилиште во Загреб: Учителски факултет http://www.ufzg.unizg.hr/?lang=hr
- РБугарија – Тракиски универзитет Стара Загора:Педагошки факултет http://uni-sz.bg
- РСрбија – Универзитет во Белград: Учителски факултет http://www.uf.bg.ac.rs/

Студиската програма за додипломски студии по Библиотекарство, во голема мера,е усогласенасонеколку европски високообразовни институции, меѓу кои:

- Универзитетот во Белград,Филолошки факултет, Катедра за библиотекарство и информатика http://www.fil.bg.ac.rs/lang/sr/katedre/bibliotekarstvo-i-informatika/studijskiprogram/
- Универзитетот во Загреб, Филозофски факултет, Студии по информациски науки, Катедра за библиотекарство (http://theta.ffzg.hr/ECTS/Studij/Lista?razinaStudijaID=4)
- Универзитет во Љубљана, Филозофски факултет (DEPARTMENTOFLIBRARY, INFORMATIONSCIENCEANDBOOKSTUDY), (1stcycleLibrarianshipandInformationScience | Oddelekzabibliotekarstvo, informacijskoznanostinknjigarstvo | FilozofskafakultetaUniverzevLjubljani (uni-lj.si)
- Универзитетот во Даблин - UniversityCollegeDublin – Додипломски студии по библиотекарски и информациски науки: (GradDipLibrary&InformationStudies - ModuleListing - UCDGraduateStudies).

Студиските програми за докторски студии во областа на раното детско воспитание и обазование и во областа на образованието на наставниците – за примарното образование се усогласени со Даблинските дескриптори и со препораките на EUA и овозможуваат споредливост со квалификациите стекнати на сродни студиски програми од областа. Исто така, тиесе во согласност со документот International Standard Classifiation of Education (ISCED), на УНЕСКО, 2011 год , каде што раното детско воспитание и образование (early childhood education) претставува почетен степен на образование и е дел од целокупниот образовен систем, додека под терминот примарно образование се именува ISCED образовен степен 1 – Примарно образование (Одделенска настава/Елементарно образование/ Основно образование во пониските одделенија: 1–5 одделение, од 6 до 11- годишна возраст). При структуирање и развој на програмите предвид се зедоа и Клучните компетенции за доживотно учење на Европската комисија (Key Competencies for Lifelong Learning, https://ec.europa.eu/education/education-in-the-eu/council-recommendation-on-keycompetences-for-lifelong-learning_en) како и Концепцијата за основно образование (https://mon.gov.mk/content/?id=3785)

Студиската програма од трет циклус Рано детско воспитание и образование се совпаѓа со програми од трет циклус студииво повеќе современи образовни системи во светот (во американскиот и во европскиот образовен простор)кои се однесуваат на раното детско воспитание и обазованиекако:
- Oakland University, Doctor of Philosophy educationhttps://oakland.edu/hdcs/academic-programs/phd/
- Concordia University Chicago, PhD program in early childhood education https://gradschool.cuchicago.edu/academics/doctoral/edd-early-childhood-education/
- Georgia State University, College of Education, Ph.D. - Early Childhood and Elementary Education https://www.gradschools.com/graduate-schools-in-united-states/georgia/georgia-state-university atlanta/early-childhood-education-149149
- University of Minho - Institute of Education (Doctoral Degree in Child Studies) во Португалијаhttp://www.phdstudies.com/Doctoral-Degree-in-Child-Studies/Portugal/IE/
- Universiteit van Amsterdam, Research Institute of Child Development and Education and graduate School http://cde.uva.nl/phd-programme/phd-training/phd-education-programme/phd-education-programme.html

Студиската програма од трет циклус во областа на образованието на наставниците кореспондира со неколку европски и светски универзитети како:
- Образование на наставници и образовни науки на Педагошкиот факултет при Универзитетот во Љубљана, Република Словенијаhttp://www.pef.uni-lj.si/324.html
- Методика на одделенската настава на Учителскиот факултет при Универзитетот во Белград, Република Србија http://www.uf.bg.ac.rs/wp-content/uploads/2011/04/UF-Studijski-plan-Doktorskih-studija-2019.pdf
- The European Doctorate in Teacher Education (EDiTE), http://www.edite.eu четиригодишен проект (2015-2019) поддржан од European Union's Horizon 2020 research and innovation programme, Marie-Sklodowska-Curie grant agreement # 676452
- Настава и образование на наставници (Teaching and Teacher Education) на Универзитетот во Аризона https://www.studyatuniversityofarizona.com/programs/phd-degrees/phd-teaching-and-teacher education/
- Универзитетот на Тенеси, Ноксвил, Образование на наставници (Teacher Education) https://catalog.utk.edu/preview_program.php?catoid=23&poid=9808
- Универзитетот на Пенсилванија, Поучување, учење и образование на наставници (Teaching, Learning and

Teacher Education) https://www.gse.upenn.edu/academics/programs/teaching-learning-teacher-education-phd

Прилози

2.5.А. Линк до предметни програми- прв циклус, Предучилишно воспитание

2.5.Б.Линк до предметни програми - прв циклус, Одделенска настава

2.5.В.Линк до предметни програми - прв циклус, Библиотекарство

2.5.Г. Линк до предметни програми - втор циклус, Предучилишно воспитание

2.5.Д. Линк до предметни програми - втор циклус, Одделенска настава

2.5.Ѓ. Линк до предметни програми - втор циклус, Библиотекарство

2.5.Е. Линк до предметни програми Рано детско воспитание и образование

2.5.Ж. Линк до предметни програми Образование на наставници (за примарното образование)

| | |
|---|---|
| 2.6. Студиските програми јасно го дефинираат целокупниот очекуван работен ангажман на студентот и вклучуваат добро структуирани надворешни активности (обуки, практична работа и други активности кои не се одвиваат во установата, но му овозможуваат на студентот да стекне искуства во областа на неговите студии). Оптоварувањето овозможува студентот да учествува во надворешни активности за време на студиите. Практичната настава е соодветно валоризирана во оптоварувањето и нејзината реализација редовно се следи. | Приказ на очекуваното оптоварување на студентите (за сите студиски програми прикажано во број на часови (настава, часови и сл.), ЕКТС и очекувано оптоварување за совладување на предметните програми);<br>Приказ за вклучувањето на практична настава во предметните односно студиските програми;<br>Извештај за реализирана практична настава и надворешни активности (обуки, практична работа и други активности кои не се одвиваат во установата, но му овозможуваат на студентот да стекне искуства во областа на неговите студии) во последните пет години за сите студиски програми. |

*Овој дел го пополнува високообразовната установа. Објаснувањето на исполнувањето на индикаторот треба да биде конкретно, концизно и поткрепено со релевантни факти, информации, документи итн.*

Студиските програми јасно го следат целокупниот ангажман на студентот и вклучуваат добро структурирани активности кои му овозможуваат да стекне искуства во областа на неговите студии. Практичната настава на студентот е соодветно и редовно организирана и ги вклучува сите запишани студенти на Факултетот.

На нашиот Факултет системот на студирање е усогласен со Болоњскиот процес и со Европскиот кредит трансфер-систем (ЕКТС), а напредувањето на студентите е според освоените ЕКТС-кредити. На овој начин оптоварувањето на студентот со активности на Факултетот е соодветно димензионирано за секој циклус. Студирањето според ЕКТС се заснова врз нумеричко, т.е. квантитативно мерење и изразување на степенот на оптовареноста на студентите по одделни предметни програми во текот на семестарот, т.е. на учебната година, како и вкупниот обем на активностите потребни за успешно завршување на студиската програма. Преку доделување нумерички вредности на секој предмет, ЕКТС-кредитите го претставуваат обемот на работа што студентот мора да го реализира за да го положи испитот.

Во согласност со ЕКТ-системот, се следи правилото дека 60 кредити претставуваат предвиден обем на работа за една академска година, т.е. 30 кредити за еден семестар. Според ЕКТС, оптоварувањето на студентот на прв циклус студии е димензионирано на 240 ЕКТС-кредити распоредени во четири студиски години по 60 ЕКТС-кредити, понатаму, на втор циклус студии вкупно 60 ЕКТС-кредити и трет циклус на студии од 180 ЕКТС-кредити. (Ова е видливо во предметните програми што се дадени во прилозите од индикаторот 2.5.)

Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ при УКИМ во Скопје има склучено договори за реализирање практична настава на студентите. Таа се изведува со сите запишани студенти и во согласност со Упатството за изведување практична настава кое опфаќа три нивоа, односно:
1. Педагошка практика (се реализира во прва, во втора и во трета година од студиите)

| | |
|---|---|
| 2. Методски хоспитации (се реализираат во рамките на методичките предмети)<br>3. Педагошки стаж (се реализира под менторство во осмиот семестар од студиите)<br><br>По завршувањето на практичната настава, студентот е должен во Одделението за студентски прашања да достави потврда за остварената практична настава, заверена од страна на установата каде што ја реализирал. Практичната настава за студентите се врши во текот на академската година. | |
| **Прилози**<br><br>2.6.А. Линк до Списокот на основни училишта и градинки со кои Факултетот склучил договори за реализирање на педагошкиот стаж и на практичната настава<br><br>2.6.Б. Линк до Упатството за изведување практична настава за студентите од наставничките факултети | |
| 2.7. Информациите за студиската програма објавени на сајтот на установата кореспондираат со официјалните записи. Информациите се објавени и на јазикот на кој се изведува програмата. | Линк до веб страна каде се објавени наведените информации.[2] |
| *Овој дел го пополнува високообразовната установа. Објаснувањето на исполнувањето на индикаторот треба да биде конкретно, концизно и поткрепено со релевантни факти, информации, документи итн.*<br><br>Информациите за студиските програми на сите три циклуси се објавени на ВЕБ-страницата на Факултетот на македонски јазик и соодветствуваат на официјалните записи. | |
| **Прилози**<br><br>2.7.А. Линк до ВЕБ-страницата каде што се објавени наведените информации.[3]<br>https://pfsko.ukim.edu.mk/ | |
| 2.8. Високообразовните установи ги следат и периодично да ги ревидираат своите студиски програми со цел истите ги постигнат поставените цели и да ги задоволат потребите на студентите и општествената заедница. Ревизијата е насочена кон континуирано подобрување на студиските програми. За активностите кои се планираат или се преземаат врз основа на ревизијата треба да се информираат сите засегнати учесници. | Извештаи за спроведена настава или информација за следењето на изведувањето на наставата;<br>Индикатори и заклучоци;<br>Приказ на ревидирани студиски програми во последните пет години со информации за природата на измената причините за спроведените промени и очекуваните резултати. |
| *Овој дел го пополнува високообразовната установа. Објаснувањето на исполнувањето на индикаторот треба да биде конкретно, концизно и поткрепено со релевантни факти, информации, документи итн.*<br><br>Оваа обврска, во функција на подобрување на квалитетот на наставата, ќе добие приоритет во создавањето и во реализацијата на акцискиот план за наредните години. | |
| **Прилози** | |
| 2.9. Статистичките податоци (бројот на предмети кои се реализираат, бројот на студенти, оцени, број и причини за напуштање на студиите итн.) редовно се следат и системски се анализираат. | Статистички податоци (бројот на предмети кои се реализираат, бројот на студенти, просечни оцени по предмети, број и причини за напуштање на студиите итн.) по академски години за последните пет години. |
| *Овој дел го пополнува високообразовната установа. Објаснувањето на исполнувањето на индикаторот треба да биде конкретно, концизно и поткрепено со релевантни факти, информации, документи итн.* | |

2 Стручната комисија може да побара координаторот при АКВО да ги спореди објавените информации со официјалните записи во АКВО.
3 Стручната комисија може да побара координаторот при АКВО да ги спореди објавените информации со официјалните записи во АКВО.

| |
|---|
| Факултетот го следи бројот на студентите во однос на следниве параметри: новозапишани, отпишани, дипломирани, просечен успех, број и причини за напуштање на студиите и сл. Како причини за отпишување на студентите од студиите ќе ги наведеме следните: заминување во странство, заминување во друг град, промени во семејството итн.<br><br>Бројот на предметите е прикажан во трите студиски програми од прв циклус што се реализираат на нашиот Факултет: Предучилишно воспитание – 52, Одделенска настава – 53 и Библиотекарство – 50. (Податоците се видливи во структурата на студиските програми дадени во прилогот од индикаторот број 2.2.)<br><br>Во првиот циклус, во 2023 година, во однос на бројот на студентите евидентна е следната ситуација: 182 запишани студенти, 97 дипломирани, 11 отпишани, 7,48 просечен успех за 2023 г. и 7,42 просечен успех за 2024г., 6,06 години просечно време на студирање<br><br>Во вториот циклус, во 2023/2024 година, во однос на бројот на студентите евидентна е следната ситуација: 2 запишани и 1 магистриран студент<br><br>Во третиот циклус, во 2023/2024 година, во однос на бројот на студентите евидентна е следната ситуација: 8 запишани и 1 доктoриран студент |
| **Прилози**<br><br>2.9.А. Линк до Завршниот извештај од Комисијата за упис на студенти на прв циклус студии за 2023/2024 година<br><br>2.9.Б. Линк до Статистичките податоци за бројот на студенти (линк од фолдерот во прилог на овој извештај)<br>. |

## Стандард 3

| СТАНДАРД 3: УЧЕЊЕ, НАСТАВА И ВРЕДНУВАЊЕ НАСОЧЕНО КОН СТУДЕНТОТ | |
|---|---|
| Индикатор | Документација |
| 3.1. Установата има развиен механизам кој гарантира дека програмите се изведуваат на начин со кој се мотивираат студентите да земат активно учество во креирањето на процесот на учење и дека оценувањето на студентите го отсликува овој процес. | Приказ на системот за изведување на настава на ниво на установа;<br>Акт/правила/стандарди или индикатори за квалитет во наставата;<br>Конкретни примери за активно учество на студентите во процесот на учење. |
| *Овој дел го пополнува високообразовната установа. Објаснувањето на исполнувањето на индикаторот треба да биде конкретно, концизно и поткрепено со релевантни факти, информации, документи итн.*<br><br>Механизам 1: Јасно дефинирани надлежности во Статутот на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ при УКИМ во Скопје<br><br>Во Статутот на Факултетот јасно се дефинирани сите надлежности на засегнатите страни во доменот на изведувањето на наставата – посебно се посочени надлежностите на Институтите и на Центрите, кои според Статутот во рамките на својата дејност меѓу другото: остваруваат наставно-образовна, научноистражувачка и применувачка, дејност; соработуваат при приготвувањето на студиските програми и програмите за истражувачка работа. Исто така, даваат предлози и мислења за актите на Факултетот и за други акти со кои се регулира наставно-образовниот процес; ги разгледуваат прашањата и проблемите што настануваат при реализирањето на студиските програми, ја насочуваат и ја усогласуваат високообразовната, научноистражувачката и применувачката работа. Сето ова се однесува на студиските програми за трите циклуси студии.<br><br>Механизам 2: Јасно дефинирани активности кои се предмет на оценување низ Одлуката за правилата на студирање на прв и на втор циклус студии на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ при УКИМ во Скопје. | |

Механизам 3: Директно информирање на студентите за правилата и за стандардите преку Елаборатите за соодветните студиски програми, како и преку Одлуката за правилата за студирање што се објавуваат на ВЕБ-страницата на Педагошкиот факултет во делот за студентите.

Информаторите се подготвуваат со секоја нова студиска програма и редовно се објавуваат на ВЕБ-страницата на Факултетот.

За секоја студиска програма одделно, јасно и детално се посочени и елаборирани правилата и стандардите со кои се утврдува квалитетот на наставата, како и начините за учество на студентите во процесот на учењето и наставата. Секој од овие механизми одговара на застапените научно-наставни области.

**Прилози**

3.1.А. Линк до Одлуката за правила на студирање на прв и втор циклус студии на Педагошкиот факултет:

3.1.Б. Линк до Правилникот за студирање на прв и втор циклус студии на УКИМ

3.1.В. Линк до Правилникот за дополнување на Правилникот за студирање на прв и втор циклус студии на УКИМ

3.1.Г.Линк до Правилникот за студирање на трет циклус студии на УКИМ

3.1.Д.Линк до Статутот на Педагошкиот факултет – Скопје

| | |
|---|---|
| 3.2. Установата ја почитува различноста на студентите и нивните потреби, овозможува флексибилни пристапи на учење. Се користат различни модели на реализација на настава онаму каде е тоа возможно како и мноштво на педагошки методи. | Приказ на реализацијата на наставата за секоја студиска програма одделно;<br>Опис на начините на изведување на наставата за сите студиски програми;<br>Конкретни примери за иновативни методи во изведување на наставата. |

*Овој дел го пополнува високообразовната установа. Објаснувањето на исполнувањето на индикаторот треба да биде конкретно, концизно и поткрепено со релевантни факти, информации, документи итн.*

Во Правилникот за условите на студирање на студиските програми на прв и на втор циклус студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (член 25 и другите од член 26 до член 31) детално се наведени и елаборирани начините преку кои се изведува наставата, иако не се ограничува само на нив: предавања, вежби, работилници, консултации, семинарски работи, домашни задачи, проекти, практична настава, курсеви и сл. Постои можност и за вклучување на предавачи и гости од други високообразовни институции во наставата на Факултетот.

Покрај редовно пропишаните начини преку кои се изведува наставата, наставниците самостојно ги определуваат начинитеи пристапите кон наставата, во согласност со содржината на предметните програми од дисциплината што је предаваат, како и во согласност со потребите на студентите. Нашиот Факултет активно остварува соработка со невладини организации, како резултат на што студентите имаат можност да посетуваат обуки во земјава и во странство. На тој начин одблизу може да направат споредба меѓу нашиот образовен систем и на одделните европски земји во коишто престојуваат.

Научните области на кои им припаѓаат голем дел од наставните предмети дозволуваат користење на современа технологија и интерактивни пристапи во реализацијата на наставата, како: електронски алатки, образовен софтвер, видео, студии на случај, работа на проекти, решавање проблемски ситуации, игри на улоги, дебатни дискусии, групна работа, тимска работа и сл. Во рамките на практичната настава (педагошката практика, методските хоспитации и педагошкиот стаж) се реализираат теренски и апликативни предавања и вежби во кои се вклучуваат стручни лица од образовните институции (наставник, воспитувач, педагог, психолог, директор и сл.). Студентите, заедно со предметните наставници, а по потреба и со стручните лица од образовните институции, анализираат, разменуваат искуства од практиката, изнесуваат ставови, нудат алтернативни решенија и дискутираат за ситуации воочени за време на практичната настава.

| |
|---|
| **Прилози**<br><br>3.2.А.Линк до Правилникот за условите, критериумите, правилата и постапката за запишување и студирање на прв циклус студии (додипломски студии) и втор циклус студии (постдипломски студии) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје<br><br>3.2.Б. Линк до Одлуката за правилата на студирање на ПФСКО (дадена и во прилозите од индикаторот 3.1.) |

| | |
|---|---|
| 3.3. Установата редовно врши адаптација на начините на изведување настава. Наставата се темели на интерактивно учење и учење ориентирано кон студентот. Пристапот на учењето е фокусиран на студентот, развојот на неговите вештини и компетенции. Пристапот е интердисциплинарен, базиран на студии на случај (case study) приспособен на циклусот на студии. Студиската програма вклучува и учење базирано на проекти. | Примери на студии на случај кои се користат во наставата, реализирани проекти во наставата или други методи релевантни за студиската програма и сл.;<br>Примери/извештај за следење на наставата и постапување по слабости;<br>Примери на извршена адаптација на начините на изведување на наставата. |

*Овој дел го пополнува високообразовната установа. Објаснувањето на исполнувањето на индикаторот треба да биде конкретно, концизно и поткрепено со релевантни факти, информации, документи итн.*

Интерактивното учење на студентот и интерактивната настава заснована врз индивидуалните разлики на студентите се евидентни во дескрипторите и во компетенциите дадени во секоја студиска програма одделно. Тие може да се најдат во Информаторите за студирање и на ВЕБ-страницата на Факултетот, како и во Елаборатите од студиските програми.

Во насока на интерактивно учење и во согласност со индивидуалните потреби на студентите, Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ – Скопје користи различни форми и методи на настава и учење, како работилници, вежби, проектни активности, студии на случај, решавање проблемски ситуации, есеи и слично кои се детално претставени во студиските и во предметните програми.

Наставата редовно се следи и се проверува во согласност со предвидените поставки во рамките на предметните програми и преку размена на искуствата меѓу наставниот кадар во институцијата и пошироко, таа постојано се иновира. За таа цел Педагошкиот факултет ги користи и сознанијата добиени од редовно спроведените самоевалуации, имајќи ги предвид и резултатите од SWOT-анализите. Последното покажа дека се јасно согледани силните и слабите страни во наставно-научната дејност на Факултетот. Но, исто така, забележано е дека тој нема развиени и документирани конкретни мерки за надминување на слабостите и нема доволно искористување на странски професорски капацитети во функција на развој на наставно-научната дејност на Факултетот.

**Прилози**

3.3.А. Студиските и предметните програми за сите три циклуси на студирање, како и последниот Извештај од самоевалуацијата на Факултетот се дадени во индикаторите 1.1.; 2.2. и 2.5.

3.3.Б.Линк до Извештајот за спроведена самоевалуација за периодот 2019-2022 година (за SWOT-анализата)

| | |
|---|---|
| 3.4. Сите кои учествуваат во оценувањето на студентите (наставници, соработници итн.), се запознаени со постојните методи на тестирање и испитување и добиваат поддршка во развивањето на сопствени вештини во ова поле; оценувањето вклучува различни формални алатки за оценување, лабораториски вежби, задачи, проекти итн. | Преглед на методите на оценување и испитување на студентите за секој предмет од студиската програми со приказ на различни формални алатки за оценување, лабораториски вежби, задачи, проекти итн. |

*Овој дел го пополнува високообразовната установа. Објаснувањето на исполнувањето на индикаторот треба да биде конкретно, концизно и поткрепено со релевантни факти, информации, документи итн.*

Наставниот и соработничкиот кадар се детално запознаени со рамката (методите, принципите, техниките) на оценување, имаат доволна флексибилност за прилагодување на алатките на оценување на своите наставни програми и доколку е потребно можат да побараат поддршка од институцијата за развивање на сопствените вештини.

Во Правилникот за условите на студирање на студиските програми на прв и на втор циклус на студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (член 40 до 56), како и во Одлуката за правила на студирање на прв и втор циклус студии јасно се наведени и детално елаборирани предметот на оценување (колоквиуми, вежби, практична задача, семинарски трудови, есеи, проекти итн.), процесот на пријавување, изведување на испитот, испитните рокови, јавноста на испитот, изведување на оценки по испитите, поднесувањето на приговори и постапувањето по истите, комисиско полагање, завршно оценување, а наведени се и обврските на засегнатите страни во целиот процес на оценување. Целата оваа рамка на оценување/вреднување е доследно почитувана од вработените на Педагошкиот факултет.

Дополнително на почетокот на наставата за секоја наставна дисциплина (предмет) одговорниот наставник детално ги запознава студентите со курикулумот за соодветниот предмет каде што составен дел покрај релевантната литература и начинот на изведување на наставата, го претставува и начинот на кој ќе биде изведено оценувањето за конкретниот предмет и кои се елементите кои се валоризираат при сумирање на завршната оцена.

**Прилози**

3.4.А. Доказен материјал за индикаторот бр. 3.4. е даден во прилозите за индикаторите 3.1., 3.2. и 3.3.

| | |
|---|---|
| 3.5. Критериумите и методите на вреднување и оценување на студентите се однапред објавени и познати. | Линк до веб страна или друг документ во кој се опишани критериумите и методите на вреднување и оценување. |

*Овој дел го пополнува високообразовната установа. Објаснувањето на исполнувањето на индикаторот треба да биде конкретно, концизно и поткрепено со релевантни факти, информации, документи итн.*

Во Правилникот за условите на студирање на студиските програми на прв и на втор циклус на студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (член 40 до 56), како и во Одлуката за правила на студирање на прв и втор циклус студии јасно се наведени и детално елаборирани предметот на оценување (колоквиуми, вежби, практична задача, семинарски трудови, есеи, проекти итн.), процесот на пријавување, изведување на испитот, испитните рокови, јавноста на испитот, изведување на оценки по испитите, поднесувањето на приговори и постапувањето по истите, комисиско полагање, завршно оценување, а наведени се и обврските на засегнатите страни во целиот процес на оценување. Целата оваа рамка на оценување/вреднување е доследно почитувана од вработените на Педагошкиот факултет.

Дополнително на почетокот на наставата за секоја наставна дисциплина (предмет) одговорниот наставник детално ги запознава студентите со курикулумот за соодветниот предмет каде што составен дел покрај релевантната литература и начинот на изведување на наставата, го претставува и начинот на кој ќе биде изведено оценувањето за конкретниот предмет и кои се елементите кои се валоризираат при сумирање на завршната оцена.

При оценувањето, покрај знаењето, се зема предвид целокупната ангажираност на студентот за време на реализацијата на наставата и активностите кои се однесуваат на содржините од наставната дисциплина.

**Прилози**

3.5.А. Прилозите се истите од индикаторот 3.4.

| | |
|---|---|
| 3.6. Оценувањето им овозможува на студентите да го демонстрираат степенот на постигнати резултати од учењето. Студентите добиваат повратни информации кои, по потреба се поврзани со совети за понатамошниот процесот | Просечни оцени постигнати од студентите по предмет за сите студиски програми, по академска година за последните пет години (доколку е применливо);<br>Информација за начинот за доставување на повратни информации до студенти во делот на оценувањето; |

| | |
|---|---|
| на учење. Оценувањето се спроведува доследно и праведно за сите студенти, во согласност со постојните процедури. Резултатите ги исполнуваат очекуваните исходи од учењето. Начинот на оценување е прилагоден на целите на предметите. Каде што е возможно, оценувањето се спроведува од страна на повеќе испитувачи. | Конкретни примери на иновативни пристапи во оценувањето;<br>Примери на предмети каде оценувањето се спроведува од повеќе испитувачи. |

*Овој дел го пополнува високообразовната установа. Објаснувањето на исполнувањето на индикаторот треба да биде конкретно, концизно и поткрепено со релевантни факти, информации, документи итн.*

Оценувањето, преку стекнување одреден број на поени, се реализира континуирано во текот на целиот семестар. Притоа се оценува според следната скала на поени:

- Од 51 поен до 60 поени студентот се оценува со оценка 6 (шест)
- Од 61 поен до 70 поени студентот се оценува со оценка 7 (седум)
- Од 71 поен до 80 поени студентот се оценува со оценка 8 (осум)
- Од 81 поен до 90 поени студентот се оценува со оценка 9 (девет)
- Од 91 поен до 100 поени студентот се оценува со оценка 10 (десет)

Начините на оценувањето се презентирани и во Елаборатите за акредитација на секоја студиска и предметна програма одделно.

Студентите се известени за нивните оценки/резултати во период од најмногу 7 дена по завршување на испитот. По објавувањето на резултатите, на студентот му се овозможува увид во тестот (доколку го побара тоа, одделно или во присуство на други студенти) при што може да добие конкретни информации за остварените резултати, како и насоки за начинот на подобрување на процесот на учење. Оценките се објавуваат во IKNOW-системот на Факултетот https://www.ukim.edu.mk/IKNOW-help/. Просечната оценка од првиот циклус студии збирно дадена за сите предмети, за 2023 година е 7,48 а за 2024 година е 7,42. Пресметувањето на просечната оценка по одделни предмети е предвидено со Акцискиот план на Факултетот за наредниот период.

**Прилози**

3.6.А. Истите прилози од 3.4. и 3.5.
3.6.Б. Предметните програми се дадени во прилогот за индикаторот 2.5

| | |
|---|---|
| 3.7. Во установата постои формална процедура за жалба вклучувајќи и пријава на корупција од студентите на сите видови на студии. Системот е функционален и ефикасен. | Акт во кој е регулирана постапката по жалба од студентите;<br>Акти за спречување на корупцијата на установата;<br>Приказ на поднесени жалби на студенти вклучувајќи и пријави на корупција во последните пет години со процент на позитивно и негативно решени жалби;<br>Приказ на пријави на корупција во установата. |

*Овој дел го пополнува високообразовната установа. Објаснувањето на исполнувањето на индикаторот треба да биде конкретно, концизно и поткрепено со релевантни факти, информации, документи итн.*

На Педагошкиот факултет е воспоставен систем и регулатива за постапување по жалби на студенти и пријавување корупција. Системот и процедурите за поднесување на жалби и пријави за корупција ги следи строго поставените процедури и постапки за жалби и пријавување корупција дефинирани во Закон за заштита на укажувачите („Службен весник на Република Македонија“ бр. 196/2015, 35/18); Правилник за заштитено внатрешно пријавување во институциите во јавниот сектор, а посебно во деталната Процедура за прием на пријави од укажувачи, издвојување и обработка на податоците од пријавите – сите се транспарентно објавени на ВЕБ-страницата на Факултетот. Во согласност со оваа Процедура за прием на пријави од укажувачи, издвојување и обработка на податоците од пријавите, на нашиот Факултет е пропишана целата конкретна постапка.

За целосно спроведување на постапката, Факултетот на својата веб-страница има јавно поставено назначено овластено лице кое е задолжено да изготвува полугодишни извештаи за примени пријави од укажувачи и да ги доставува до Државната комисија за спречување на корупција. Овластено лице за прием на пријави од укажувачи, според Одлуката бр. 02-986/1 од 2.9.2016 е Снежана Матовска со следната е-адреса за

| |
|---|
| поднесување пријави за заштитено внатрешно пријавување:pedagoskifakultet@gmail.com<br><br>Во текот на академската 2023/2024 нема пријави на корупција на Факултетот. |
| **Прилози**<br><br>3.7.А. Линк до јавна објавана овластено лице за заштитено внатрешно пријавување на овој факултет – Снежана Матовска<br><br>3.7.Б. Линк до Одлуката за одредување овластено лице во постапката за заштитено внатрешно пријавување<br><br>3.7.В. Линк до Информацијата за укажувачи<br><br>3.7.Г. Процедура за заштита на внатрешното пријавување и за прием на пријави од укажувачи и издвојување и обработка на податоците од пријавите бр. 02-945/6 од 30.8.2016 г. – ставено во фолдерот во прилог на овој документ |

## Стандард 4

<table>
<tr><th colspan="2">СТАНДАРД 4: ЗАПИШУВАЊЕ И НАПРЕДУВАЊЕ НА СТУДЕНТИТЕ, ДИПЛОМИ И СЕРТИФИКАТИ</th></tr>
<tr><th>Индикатор</th><th>Документација</th></tr>
<tr><td>4.1. Високообразовната установа соодветно ги спроведува однапред утврдените и објавени прописи кои ги покриваат сите фази на студирањето, т.е. запишувањето, напредувањето за време на студиите, дипломата и сертификатите. Прописите се јавно достапни.</td><td>Акт во кој е регулирано прашањето;<br>Линк до веб страна на објавата.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Овој дел го пополнува високообразовната установа. Објаснувањето на исполнувањето на индикаторот треба да биде конкретно, концизно и поткрепено со релевантни факти, информации, документи итн.<br><br>Во Правилникот за условите на студирање на студиските програми на прв и на втор циклус студии на Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје јасно се уврдуваат условите, критериумите, правата и постапката за запишување и за студирање на прв циклус студии (додипломски студии) и на втор циклус (постдипломски студии), како и на интегрираните студии од првиот и од вториот циклус на Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.<br><br>Во Одлуката за правилата на студирање на прв и на втор циклус студии на Педагошкиот факултет при УКИМ во Скопје, уште подетално се образложени и уредени уписната постапка, студенскиот календар, напредувањето за време на студиите, премин од една програма во друга за време на студирањето, испитниот режим, завршување на студиите, условното напредување, прознавањето на испитите и другите образовни активности положени на различни образовни установи, видот на исправите кои му се издаваат на студентот врз основа на евиденцијта определнеа во Законотт за високо образование, заштита на правата на студентите, органите надлежни за водење на постапките и одлучување, дисциплинската одговорност и правата и должностите на студентите во дисиплинската постапка и други права и должности на студентите.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Прилози<br><br>4.1.А. Линк до Одлуката за правила на студирање на ПФСКО, Универзитетски гласник бр. 539, 17 март 2021 год.</td></tr>
</table>

4.1.Б. Линк до Правилникот за условите и критериумите, правилата и постапката за запишување и студирање на прв циклус студии (додипломски студии) и втор циклус студии (постдипломски студии) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Универзитетски гласник бр. 417 од 29.1.2019 г.
https://ukim.edu.mk/dokumenti_m/Pravilnik-I_i_II_ciklus-Glasnik_413-2018.pdf

| | |
|---|---|
| 4.2. Установата има развиено функционална постапка и/или алатки за собирање и следење и за напредок на студентот и делува врз основа на добиените информации. | Информација за постоење на соодветни алатки за следење на напредокот на студентот;<br>Доказ дека системот е функционален. |

*Овој дел го пополнува високообразовната установа. Објаснувањето на исполнувањето на индикаторот треба да биде конкретно, концизно и поткрепено со релевантни факти, информации, документи итн.*

Следењето и водењето на евиденција за напредокот на студентите на Педагошкиот факултет се врши во согласност со дефинираната рамка во Законот за високото образование, во Одлуката за правила на студирање, Универзитетски гласник бр. 539, 17, март, 2021 год. и Правилникот за условите на студирање на студиските програми на прв и на втор циклус на студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Во согласност со Законот за високото образование (Член 159) на високообразовните установи се водат матична книга на запишани студенти и главна книга на дипломирани студенти, како и досие на секој студент. Формата и начинот на водењето (во материјална и електронска) и содржината на матичната книга на запишани студенти и главната книга на дипломирани студенти ги пропишува министерот надлежен за работите на високото образование.

Матичната книга на запишани студенти и главната книга на дипломираните студенти се документи од трајна вредност.

Во согласност со наведените прописи се води студентско досие во хартиена и во електронска форма каде што јасно може да се видат сите активности поврзани со напредокот на студентот низ студирањето. Исто така се води и матична книга на студентите каде што се наведени сите информации, генералии и чекори за секој студент за време на студирањето.

Следењето на активностите на студентот низ процесот на студирање се врши преку IKNOW-системот. Секој студент и секој наставник на Факултетот има пристап до системот преку соодветна безбедносна лозинка.

IKNOW-системот се ажурира на одредено време.

**Прилози**

4.2.А. Прилозите се исти како во индикаторот 4.1.

| | |
|---|---|
| 4.3. Високообразовната установа има развиено постапка за признавање на периодите на студирање и претходно учење, што вклучува и признавање на неформалното и формалното учење, на студентите за време на студиите, вклучувајќи и за време на мобилноста на студентите. | Акт во кој е регулирано прашањето;<br>Листа на студенти на кои им е признато неформалното и формалното учење вклучувајќи и за време на мобилноста, за последните пет години. |

*Овој дел го пополнува високообразовната установа. Објаснувањето на исполнувањето на индикаторот треба да биде конкретно, концизно и поткрепено со релевантни факти, информации, документи итн.*

Во Законот за високото образование („Службен весник“, бр. 102/2018) и во Одлуката за правила на студирање на прв и втор циклус студии на Педагошкиот факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, подетално се образложени и уредени: напредувањето за време на студиите, повторното запишување на семестарот, признавањето на испитите, продолжувањето на студиите по направен прекин и друго.

Во студентското досие се бележат сите студентски активности што подлежат на оценување. Постојат посебни процедури и евиденција на пријавите и реализираните мобилности на студентите (посебно Еразмус).

| |
|---|
| Во согласност со постоечката законска регулатива не постои правна обврска за евиденција и за признавање на неформалното образование.<br><br>Педагошкиот факултет реализира настава за педагошка доквалификација на студенти кои дипломирале на ненаставнички факултети, а сакаат да се вклучат во наставниот процес. Бројот на студенти кои се запишани на педагошка доквалификација во академската 2023/2024 година е 82 студенти,<br><br>Факултетот, исто така во рамките на 10 % од предвидените квоти, запишува студенти со предходно завршен факултет. Бројот на студенти кои се запишани со предходно завршена една студиска програма на некој од педагошките факултети во државата за академската 2023/2024 е 22 студенти. |
| **Прилози**<br><br>4.3.А. Линк до Правилникот за условите, постапката, начинот и правилата за студирање на студиската програма за Педагошка доквалификација на Факултетот:<br><br>4.3.Б. Линк до Одлуката за дополнување на Правилникот за Педагошка доквалификација на Факултетот |

| | |
|---|---|
| 4.4. По завршувањето на студиите, студентите добиваат документација која ја појаснува стекнатата квалификација, компетенции и резултати од учењето, степенот, содржината и статусот на успешно завршените студии. Документација е јасна, разбирлива и сеопфатна. | Диплома, уверение и додаток на диплома |

| |
|---|
| *Овој дел го пополнува високообразовната установа. Објаснувањето на исполнувањето на индикаторот треба да биде конкретно, концизно и поткрепено со релевантни факти, информации, документи итн.*<br><br>Во Законот за високото образование (член 155) јасно се дефинирани рамката и содржината на дипломата, уверението и додатокот на дипломата, додека во посебен Правилник во „Службен весник“ бр. 102 /2018 детално се утврдени формата и содржината на секој посебен документ што се издава по завршување на студиите.<br><br>Педагошкиот факултет сите документи ги издава во согласност со наведената регулатива. |
| **Прилози**<br><br>4.4.А. Линк до Правилникот за формата и начинот на водењето (во материјална и електронска форма) и содржина на матичната книга на запишани студенти и главна книга на дипломирани студенти, „Службен весник“, бр.102 , 2018 г.https://www.slvesnik.com.mk/Issues/751f8cc071e44013865e3b3401f440a3.pdf<br><br>4.4.Б. Линк до Правилникот за содржината и формата на дипломата, упатството заподготовка на додаток на дипломата и на другите јавни исправи „Службен весник“ бр.102, 2018 г. https://www.slvesnik.com.mk/Issues/751f8cc071e44013865e3b3401f440a3.pdf |

## Стандард 5

| СТАНДАРД 5: НАСТАВЕН КАДАР[4] | |
|---|---|
| Индикатор | Документација |
| 5.1. Високообразовната установа обезбедува компетентен наставен кадар за реализација на студиските програми. Квалификациите на наставниот кадар вклучен во изведувањето на студиските | Биографии на ангажираниот наставен кадар на сите студиски програми во Europass формат (со информации за последните пет години, информации за профилот вклучувајќи завршени циклуси на студии и стекнато звање, податоци за остварена научноистражувачка работа и резултати);<br>Одлуки за избор во звање;<br>Преглед на предмети кои кадарот го предавал во изминатите пет години на сите |

4 Се однесува на лицата избрани во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања, кои вршат високообразовна дејност.

| | |
|---|---|
| програми се соодветни на профилот и концептот на студиите како и на предвидените наставни предмети. | циклуси на студии на установата (прикажан поединечно и по азбучен ред на презимето на вработеното/ангажираното лице). |

*Овој дел го пополнува високообразовната установа. Објаснувањето на исполнувањето на индикаторот треба да биде конкретно, концизно и поткрепено со релевантни факти, информации, документи итн.*

Наставниот кадар на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ - Скопје поседува звање и компетенции кои се соодветни на нивото и на потребите на дејноста која тој ја реализира. Во последните пет години реализирани се неколку избори на наставниот кадар во повисоки наставно-научни звања. Во последната академска година наставата ја реализираат 30 редовни професори, 4 вонредни професори и еден доцент. Исто така, во академската 2023/2024 година, во реализацијата на вежбите од одредени научни области вклучени се и 2 асистента. Податоците за билтените во кои се објавени извештаите за избор во наставно-научни и соработнички звања се дадени во одделните биографии на наставниот кадар (линкот до нив е во прилог).

По однос на квалификациите, наставниот кадар на Факултетот е распореден на наставни предмети според областите во кои е стекнато звањето „доктор на науки“. Овој податок се гледа во Одлуките за избор на секој наставник одделно,како и во биографиите дадени на ВЕБ-страницата на Факултетот (линк во прилог).

**Прилози**

5.1.А. Линк до биографиите на ангажираниот наставен кадар на сите студиски програми, вклучувајќи ги завршените циклуси студии, стекнатото звање, објавените трудови, како и податоците за остварена научноистражувачка работа и сл ):

5.1.Б.Линк до Одлуките за избор во наставно-научно и соработничко звање:

| | |
|---|---|
| 5.2. Објавените трудови на наставниот кадар во референтни научните публикации во последните 5 години се релевантни и придонесуваат во развојот на квалитетни студии односно научната област. | Преглед на бројот на објавени трудови во референтни научни публикации (согласно чл.2т.21од ЗВО) на наставниот кадар во последните пет години прикажан групиран по категории предвидени во чл. 2. т.21 (А-Ѓ) од ЗВО. За секоја категорија се презентираат резултатите по азбучен ред на презимето на вработеното/ангажираното лице како и вкупниот број трудови за високообразовната установа;<br>Листа на објавени трудови во референтни научни публикации со линк до публикацијата/трудот. |

*Овој дел го пополнува високообразовната установа. Објаснувањето на исполнувањето на индикаторот треба да биде конкретно, концизно и поткрепено со релевантни факти, информации, документи итн.*

Извештајниот период бележи позитивен тренд на објавување трудови во референтни списанија од страна на наставниот кадар на Факултетот. Објавени се поголем број публикации кои се во функција на развој на научната мисла од соодветната научна област. Голем дел од трудовите на наставниот кадар се објавени во следните дата-бази: Google schoolar, EBSCO, Elsevier, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report и друго

Факултетот, во интерес на развој на научната дејност, објавува научно списание „Педагошка ревија“ што претставува уште една можност за размена на стручни и научни искуства

**Прилози**

5.2.А. Линк до дополнителна табела од петтиот стандард –објавени трудови на наставен кадар (соодветната табела со број и список на објавени трудови во референтни списанија за секој наставник одделно е означена со броевите 5.2.А. и 5.2.Б).

| | |
|---|---|
| 5.3. Оптоварувањето на кадарот во делот на наставата е балансирано. Наставниот кадар се ангажира | Преглед на бројот на одржаните часови на наставниот кадар и предметите кои ги предавале на сите циклуси на студии (прикажан поединечно и по азбучен ред на презимето на вработеното/ангажираното лице за сите циклуси на студии (прв, втор и |

| | |
|---|---|
| согласно законските одредби. Бројот на часови на наставниот кадар на годишно ниво е соодветен за реализација на квалитетна настава. | трет циклус на студии, доколку е применливо). *Се води сметка за примената за чл.161 ст. 9 и 10 од ЗВО.*[5]; <br>Одлуки за распоред на работи и работни задачи за сите циклуси на студии во последните пет години; <br>Извештаи за спроведена настава за сите циклуси на студии во последните пет години (доколку е применливо); <br>Доказ дека на установата има најмалку 10 лица во наставно-научни звања во работен однос со полно работно време. |

*Овој дел го пополнува високообразовната установа. Објаснувањето на исполнувањето на индикаторот треба да биде конкретно, концизно и поткрепено со релевантни факти, информации, документи итн.*

Во однос на оптоварувањето на наставниот кадар, се почитува примената за чл.161 ст. 9 и 10 од ЗВО. Сите наставници имаат најмногу 4 предмети по семестар со број на часови кој е усогласен со акредитираните студиски програми за сите три циклуси.

Бројот на менторствата е во согласност со пропишаните норми од Законот за високото образование на РСМ, чл. 135 и чл. 134 за 12 менторства на втор циклус студии и 3 менторства на докторски студии.

Во согласност со бројот и со статусот на студентите од вториот и третиот циклус студии, наставата за овие циклуси се реализира менторски

Дополнително во прилог 5.3.Б. се прикажани сите предмети по професор на прв, втор и трет циклус студии.

**Прилози**

5.3.А.Линк до Законот за високото образование на РСМ
https://pfsko.ukim.edu.mk/wp-content/uploads/2023/08/1.-ZVO-NOV-Sl.vesnik-br.-82-od-8.5.2018.pdf

5.3.Б. Линк до дополнителна табела- преглед на предмети по професор (соодветната табела со преглед на предмети и број на часови за секој наставник одделно е дадена во фолдерот во прилог на Извештајот и е означена со бројот 5.3.)

| | |
|---|---|
| 5.4. Високообразовната установа има јасни, транспарентни и праведни процеси на вработување, преку услови за работа со кои се препознава важноста од наставната работа. Процесот се базира на академските квалификации и заслуги и нуди еднакви можности за сите кандидати. Праксата на установата кореспондира со утврдените критериуми. | Акт на установата (на пример, Правилник за избор во наставно – научни звања кој се применува или друг акт во кој е регулирана постапката и критериумите за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања); <br>Преглед на лица избрани во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања (со преглед на број на пријавени кандидати, број на избрани кандидати и број на лицата кои не се избрани за сите конкурси во последните пет години). <br>Линк до Билтен во кои се објавени рецензии за избор на наставниот кадар со број на страна. |

*Овој дел го пополнува високообразовната установа. Објаснувањето на исполнувањето на индикаторот треба да биде конкретно, концизно и поткрепено со релевантни факти, информации, документи итн.*

Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ – Скопје ги почитува националните, универзитетските законски и други нормативи и правила за избор, за реизбор  и за ангажирање на наставничките и соработничките кадри. Во согласност со тоа, Факултетот континуирано го одржува нивото на квалитет во наставната и  во научната дејност. Во овој дел се користат следните акти: Законот за високото образование на Република Северна Македонија („Службен весник“ бр. 82/18), Статутот на УКИМ, Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на УКИМ,како и Правилникот за систематизацијата на Факултетот (со донесените  измени и дополнувања).

Факултетот во рамките на спроведените постапки за избор или за реизбор во звање речиси и да не се соочил со

5 Лицето избрано во наставно-научно и наставно звање во текот на еден семестар од учебната година може да врши предавање по најмногу четири наставни предмети на прв циклус на студии, на еден или на повеќе универзитети и најмногу четири наставни предмети на втор циклус на студии, на еден или на повеќе универзитети.

посериозни поплаки или жалби за објективоста или за критериумите во оценувањето на наставно-научните и стручните резултати на избраните кадри од страна на други противкандидати кои се пријавиле на истиот конкурс. Доколку во процесот имало определени приговори од другите  кандидати, тие биле земени предвид и соодветно решени од страна на комисиите.

Извештаите за избор или за реизбор во звање се објавени во билтените на УКИМ, заедно со бројот и годината на нивното објавување, и се наоѓаат во секоја одделна биографија на наставниот кадар.

**Прилози**

5.4.А. Линк до Статутот на УКИМ

5.4.Б.Линк до Статутот на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ - Скопје

5.4.В.Линк до Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на УКИМ

5.4.Г. Линк до Правилникот за систематизација на работните места на Педагошкиот факултет:

5.4.Д. Линк до Правилникот за измени и дополнувања на Правилникот за систематизација на работните места на Факултетот од 12.4.2023 г.

5.4.Ѓ. Линк до Правилникот за измени и дополнувања на Правилникот за систематизација на работните места на Факултетот од 21.9.2023 г.

5.4.Е.Линк до Одлуките за избор во наставно-научни и соработнички звања

5.4.Ж..Линк до биографиите на наставниот и соработничкиот кадар

| | |
|---|---|
| 5.5. Установата има развиено постапка за обезбедување на соодветни работни услови за наставниот кадар. Кадарот располага со соодветна информатичка опрема, пристап до релевантни електронски бази од областа/студиската програма, соодветни просторни услови како и други ресурси релевантни за нивната работа. | Акт на установата или друг акт во кој е регулирано обезбедувањето на соодветни работни услови за наставниот кадар;<br>Попис на функционална информатичка, лабораториска и др. вид на опрема во установата;<br>Попис на информатичка, лабораториска и др. вид на опрема во установата, обезбедена во последните пет години (со вредност на опремата и изворот на финансирање);<br>Преглед на релевантни електронски бази од областа/студиската програма до кои е обезбеден пристап во установата;<br>Преглед и опис на просторни услови за реализација на студиските програми. |

*Овој дел го пополнува високообразовната установа. Објаснувањето на исполнувањето на индикаторот треба да биде конкретно, концизно и поткрепено со релевантни факти, информации, документи итн.*

Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ – Скопје има солидни техничко-информатички услови за работа со функционална интернет-мрежа во сите факултетски простории (предавални, кабинети, библиотека, медијатека, како и во административните простории). Тој, во функција на наставата, располага со следните простории: амфитеатар – 1, предавални/вежбални – 16, компјутерски лаборатории – 2, предавална со систем за далечинско учење – 3, лаборатории за музички и визуелни изведби – 3, медијатека – 1, мултимедијална просторија со интерактивни таблети и таблет компјутери – 3, библиотека – 1, театарска сцена – 1.

Наставата се одвива во добро опремени предавални со ЛЦД-поддршка. Исто така е инсталирана  и соодветна опрема во две информатички лабаратории. Факултетот располага и со една мултимедијална просторија во која се наоѓа една интерактивна табла и повеќе таблети.

Библиотеката и медијатеката при Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ – Скопје се опремени со околу 20 000 наслови од домашната и од странската литература, а книжниот фонд постојано се обновува.

| |
|---|
| Факултетот ја користи електронската дата-база EBSCO за којае обезбеден пристап од страна на УКИМ. |
| **Прилози**<br><br>5.5.А.Линк до Картата на Факултетот:<br><br>5.5.Б.Линк до Извештајот за самоевалуација на Факултетот<br><br>5.5.В.Линк до дел од Извештајот од пописот што се однесува на просторните капацитети на Факултетот: |

| | |
|---|---|
| 5.6. Установата нуди можности за професионален развој на наставниот кадар и постојано да го мотивира; редовно организира обуки/тренинзи за наставниот кадар во функција на развој на проактивни и иновативни методи за настава, за нивните педагошки и технички вештини Установата редовно ги следи техничките вештини на наставниот кадар. | Акт на установата или друг акт во кој е регулиран професионалниот развој на наставниот кадар.<br>Листа на обуки/тренинзи за наставниот кадар во функција на развој на проактивни и иновативни методи за настава реализирани во последните пет години и финансирани од установата со листа на учесници и програма;<br>Листа на обуки обуки/тренинзи за наставниот кадар во функција на развој на проактивни и иновативни методи за настава реализирани во последните пет години финансирани од други установи/институции/организации со листа на учесници и програма .<br>Конкретни примери и резултати, најдобри практики на мотивирање на наставниот кадар во последните пет години;<br>Извештај/анализа за техничките вештини на наставниот кадар (доколку е применливо). |

| |
|---|
| *Овој дел го пополнува високообразовната установа. Објаснувањето на исполнувањето на индикаторот треба да биде конкретно, концизно и поткрепено со релевантни факти, информации, документи итн.*<br><br>Во извештајниот период се реализирани обуки за дел од Комисијата за самоевалуација од страна на УКИМ. Исто така, дел од наставниот кадаручествуваше на настанот за примената на вештачката интелигенција во образованието и во науката, организирана од страна на Универзитетот „Св Кирил и Методиј“ во Скопје (линк во прилог), како и во обуката за примената на ILearn системот за настава, исто така во организација на УКИМ. |
| **Прилози**<br>5.6.А. Линк до информацијата за настанот/обуката на УКИМ „Вештачката интелигенција во образованието и науката“ |

| | |
|---|---|
| 5.7. Установата ангажира визитинг наставници, афирмирани научници, уметници и стручњаци од практиката од земјата и странство во рамките на реализацијата на студиската програма. Нивниот профил е релевантен за студиската програма и носи додадена вредност. | Листа на визитинг наставници, афирмирани научници, уметници и стручњаци од практиката од земјата и странство во рамките на реализацијата на студиската програма (тип на ангажман, област/предмет и период) за последните пет години;<br>Биографии на ангажираните визитинг наставници, афирмирани научници, уметници и стручњаци од практиката од земјата и странство во рамките на реализацијата на студиската програма на сите студиски програми (Europass формат). |

| |
|---|
| *Овој дел го пополнува високообразовната установа. Објаснувањето на исполнувањето на индикаторот треба да биде конкретно, концизно и поткрепено со релевантни факти, информации, документи итн.*<br><br>Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ – Скопје организира визитинг-предавања од професори од други универзитети. Во периодот 2023-2024 г. е реализирано предавање по предметот Методика на природнонаучното и општествено подрачје од проф. д-р Сања Благданиќ, редовен професор на Учителскиот факултет во Београд – Универзитет во Београд |
| **Прилози**<br><br>5.7.А. Линк до Одлуката за ангажирање визитинг професор |

| | |
|---|---|
| 5.8. Се поттикнува научна работа со цел да се зајакне поврзаноста меѓу наставата и науката. Системот добро функционира и е ефикасен. | Конкретни примери и резултати, најдобри практики. |

| |
|---|
| *Овој дел го пополнува високообразовната установа. Објаснувањето на исполнувањето на индикаторот треба да биде конкретно, концизно и поткрепено со релевантни факти, информации, документи итн.* |

Во насока на унапредување на истражувачките капацитети на наставно-научниот кадар во овој извештаен период се организираа повеќе трибини, работилници и други активности со кои беа опфатени низа значајни прашања и проблеми кои се во тесна врска со воспитно-образовниот процес во предучилишните институции и во основното образование.

Покрај редовното објавување на научноистражувачки трудови од страна на наставниот кадар на Педагошкиот факултет – Скопје, често се реализира соработка со студентите од сите три циклуси студии.На пример, во реализацијата на интерните научноистражувачки проекти, во академската 2023/2024 година, вклучени се вкупно5 (0,61%) студенти. Факултетот се стреми да им овозможи на своите вработени и на студентите активно да се вклучат во меѓународни проекти преку обезбедување мобилност и преку програмата Erasmus+.

- Еразмус+К2 финансиран од Агенцијата за мобилност и од ЕУ-програмите на Европската Унија. „Development of Literacy and Language Learning for Disandvantaged Young learners“ (Развој на писменост и учење на јазик за млади ученици во неповолна положба) (2018-2020). Во проектот беа вклучени 6 професори или 17,14 %
- Project Civic Peace Service Program, Civic Activism – Arts for Social Change, CBC Loja & Kurve Wustrow(2019-2023) во кој, во 2023 година, учествуваа 5 студенти(0,61 %).
- Preparing Future Teachers in the Western Balkans, Educating for Democracy and Human Rights (2020-2022) (on-going) European Wergeland Centre, Norway and Zurich University of Teacher Education, Switzerland (Gollob, R., Makasevska, V., Raunik Kirkov, M., Ademi, L. and partners from Serbia, Albania, Montenegro, Bosnia and Hercegovina, Kosovo).

**Прилози**

5.8.А. Линк до реализиран Еразмус-проект

5.8.Б. Линк до објавената книга од проектот

5.8.В..Линк до Картата на Факултетот

| | |
|---|---|
| 5.9. Високообразовната установа поттикнува иновации во наставните методи и во користењето нови технологии. | Конкретни примери и резултати за воведени иновации во наставните методи и во користењето нови технологии. |

*Овој дел го пополнува високообразовната установа. Објаснувањето на исполнувањето на индикаторот треба да биде конкретно, концизно и поткрепено со релевантни факти, информации, документи итн.*

Во рамките на наставниот процес сè повеќе почнаа да се користат онлајн алатки, меѓу кои: Microsoft Office 365, Google meet, Eduino и други. Погодни се за онлајн настава, за споделување презентации, наставни материјали, видеа и сл..Во реализацијата на наставата се користат и powerpoint презентации, видеопрезентации, работилници и сл.

**Прилози**

| | |
|---|---|
| 5.10. Установата има востановен систем на академски интегритет и спречување на плагијаризам. | Акт на установата за или друг акт во кој е регулиран индикаторот;<br>Извештаи за спроведена проверка преку системот на плагијати за учебници, учебни помагала или научни трудови објавени од установата (извештаи за најмалку 5% од објавените публикации во последните пет години). |

*Овој дел го пополнува високообразовната установа. Објаснувањето на исполнувањето на индикаторот треба да биде конкретно, концизно и поткрепено со релевантни факти, информации, документи итн.*

Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ – Скопје во согласност со член 19 и член 20 од Етичкиот кодекс не прифаќа никаква форма на фалсификат или на плагијат. Според тоа, поднесувањето трудови во рамките на наставно-образовниот процес, посебно во делот на магистерски и на докторски трудови изискува од кандидатот да поднесе соодветна изјава за оригиналност. Во спротивно, кандидатите не може да ја продолжат постапката кон одбрана на магистерскиот, односно на докторскиот труд. Во рамките на редовниот наставно-образовен процес, Дисциплинската комисија на Педагошкиот факултет – Скопје спроведува соодветни постапкаи за санкциоонрање на сите активности кои се во спротивност со етичките норми и стандарди на институцијата.

| |
|---|
| Во рамките на одлуката за поднесување на магистерски и на докторски труд е наведено дека кандидатот потпишува изјава дека истражувањето претставува сопствено оригинално истражување, самостојно изработено и дека не претставува плагијат. Дополнително, проверката за плагијат ја врши менторот преку системот на Министерството за образование http://plagijati.mon.gov.mk/mk/<br><br>Доколку се утврди дека постои плагијат, на кандидатот нема да му се дозволи одбрана на трудот, делото ќе биде поништено и ќе биде постапено соодветно на актите на Универзитетот. |
| **Прилози**<br><br>5.10.А. Линк до системот за плагијати на Министерството за образование<br>http://plagijati.mon.gov.mk/mk/<br><br>5.10.Б. Линк до Етичкиот кодекс на УКИМ<br>https://www.ukim.edu.mk/dokumenti_m/248_Eticki_kodeks.pdf |

| | |
|---|---|
| 5.11. Установата има политика/документ/акт за научноистражувачка работа. Индикаторите за научно-истражувачката работа се утврдени и редовно се следат. | Акт на установата за или друг акт во кој е регулирана научноистражувачката работа и/или се утврдени индикаторите за научноистражувачката работа.<br>Извештај/анализа за исполнување на индикаторите за научноистражувачката работа (доколку е применливо). |

| |
|---|
| *Овој дел го пополнува високообразовната установа. Објаснувањето на исполнувањето на индикаторот треба да биде конкретно, концизно и поткрепено со релевантни факти, информации, документи итн.*<br><br>Факултетот редовно објавува интерни конкурси за научноистражувачки проекти финансирани од сопствената сметка за развој. Проектите подлежат на две независни рецензии и на постапка за нивно прифаќање од страна Деканатската управа. |
| **Прилози**<br><br>5.11.А. Линк до Одлуките за прифатени интерни научноистражувачки проекти и за прифатени извештаи за нив: |

| | |
|---|---|
| 5.12. Научноистражувачката работа кореспондира со локалните, регионалните и/или националните развојни цели како и социо-економскиот и културниот контекст. Ефектот од научноистражувачката работа на локалните, регионалните и/или националните развојни цели редовно се следи, врз основа на кој се вршат соодветни подобрувања. | Конкретни примери и резултати, најдобри практики;<br>Релевантни извештаи или препораки |

| |
|---|
| *Овој дел го пополнува високообразовната установа. Објаснувањето на исполнувањето на индикаторот треба да биде конкретно, концизно и поткрепено со релевантни факти, информации, документи итн.*<br><br>Резултатите од интерните научноистражувачки проекти редовно се објавуваат во научни списанија кај нас и пошироко (Педагошка ревија, Македонистика и др.) кои третираат проблеми од областа на науката, наставата, образованието, на пример: улогата на образовните цели за одржлив развој на иницијалното образование, концептот на проектно учење во функција на унапредување на наставата и сл.<br><br>Редовно се презентираат на конгреси и на други научни собири, а по потреба се дискутираат и во рамките на трибини и работилници организирани од страна на Факултетот. |
| **Прилози**<br><br>5.12.А. Одлука за усвојување на научноистражувачки проекти, 2023 г.<br>5.12.Б. Одлука за усвојување на научноистражувачки проекти, 2024 г. |

| |
|---|
| 5.12.В. Иститеприлози како во индикаторот 5.11 |

## Стандард 6

| СТАНДАРД 6: РЕСУРСИ ЗА УЧЕЊЕ И ПОДДРШКА НА СТУДЕНТИТЕ | |
|---|---|
| **Индикатор** | **Документација** |
| 6.1. Установата обезбедува соодветно финансирање на активностите за учење и настава и на тој начин овозможува соодветни и лесно достапни ресурси за учење и поддршка на студентите. Системот за финансирање на установата односно студиските програми е ефикасен и се базира на потребите на студентите. Установата располага со систем за финансирање на научноистражувачка дејност кој сеопфатен и ефикасен. | Финансиски план од претходните пет години<br>Финансиски извештаи од претходните пет години<br>Приказ на финансирање на научноистражувачката дејност (со наведен процент од вкупните/сопствените приходи кој се издвојува за научноистражувачка работа ) |

*Овој дел го пополнува високообразовната установа. Објаснувањето на исполнувањето на индикаторот треба да биде конкретно, концизно и поткрепено со релевантни факти, информации, документи итн.*

Активностите на Факултетот се финансираат со средства од Министерството за образование и наука, сопствени приходи и приходи од закупнини. Средствата кои се издвоени од буџетот се недоволни за ефикасно функционирање на Факултетот, поради што се надополнуваат од сопствената сметка за самофинансирачки активности.

За целокупната дејност на Факултетот, за 2023,се планирани и реализирани средства во износ од 67.856.417 денари.

Системот на финансирање се базира на потребите на студентите и на потребите на Факултетот во целост. Во текот на анализираниот период, Факултетот од сопствени средства и донации финансираше повеќе инвестиции за подобрување на условите за студирање на студентите. За научноистражувачката дејност на Факултетот во периодот 2019-2024 година се потрошени вкупно: за надворешни научноистражувачки проекти 4 320 000 денари и за интерни научноистражувачки проекти 3 851 666 денари. Вкупниот процент за целокупната научноистражувачка дејност на Факултетот во наведениот период изнесува 27,17 %.

Во 2023 година предвидениот и потрошениот износ за научноистражувачка дејностизнесува 1 426800 денари, или 40 %,наменети за следните потреби: надворешни и интерни проекти, учества на домашни и меѓународни конференции, издавање учебници, акредитација на студиски програми и сл.Во 2024 година (заклучно со 5.11.2024 година) предвидени се 1 303 800 денари од кои се потрошени се 1 112 786 денари, што изнесува 86,50% од предвидената сума (Табелата во прилог, 6.1.Д., ни е доставена од надлежните служби на Факултетот и од продеканот за финансии).

За периодот 2023/2024 година одвоениот износ за научноистражувачки проекти е само од сопствени приходи и изнесува 1 774 500 денари или 5,9 %.

Обезбедена донација за информатичка опрема за наставниот персонал и за опремување на компјутерските лаборатории на Факултетот. Освен тоа Факултетот обезбеди донација за целосно реновирање и опремување на амфитеатарот. Исто така, во периодот од 2022 до 2024 година со донација целосно се обновени две предавални на Факултетот.

**Прилози**

6.1.А.Линк до завршните сметки на Факултетот

6.1.Б.Линк до одредени делови од Извештајот од пописот и од Финансискиот извештај каде што се прикажани трошоци за научноистражувачките проекти, за обновување на интернет-мрежата и слично.

6.1.В.Линк до дел од Извештајот од пописот

6.1.Г.Линк до дел од Извештајот од пописот

6.1.Д. Линк до табеларен приказ за трошоци за научноистражувачкадејност

| | |
|---|---|
| 6.2. Техничките ресурси на установата (библиотеки, лабораторији, простории за работа, информатичка опрема и др.) се соодветни за реализација на студиската програма. Студентите и наставниот кадар вклучувајќи ги и лицата со посебни потреби имаат пристап до сите ресурси. Установата располага со соодветна инфраструктура за учење на далечина. Техничките ресурси се предмет на редовен мониторинг во установата. | Вкупна површина (во сопственост и изнајмен простор) со површина на објектите (амфитеатри, училници, лабораторији, организациони единици, служби);<br>Попис на функционална информатичка опрема наменета исклучиво за студентите;<br>Попис на библиотечен фонд на установата како и попис на библиотечен фонд, набавен во последните пет години (се оценува релевантноста на библиотечниот фонд за секоја студиска програма);<br>Попис на информатички ресурси за учење на далечина;<br>Информација за ресурси достапни на лицата со посебни потреби;<br>Информација за мониторинг на техничките ресурси во установата. |

*Овој дел го пополнува високообразовната установа. Објаснувањето на исполнувањето на индикаторот треба да биде конкретно, концизно и поткрепено со релевантни факти, информации, документи итн.*

Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ – Скопје за изведување на наставната дејност располага со вкупна површина (нето-простор) од 3 945 m2, од кои: амфитеатарот е со работна површина од 304 м2; предавалните/вежбални со површина од 953 м2; компјутерски училници – 106 м2  училница со систем за далечинско учење – 210 м2; лаборатории за музички и визуелни изведби – 144,5 м2; медијатека – 51 м2; мултимедијална просторија со интерактивни табли и таблет компјутери – 64 м2; библиотека 200 м2 и театарска сцена – 52,5 м2. Еден дел од Факултетот (211 м2)  е издаден под закуп во функција на предучилишна институција.

Факултетот располага со функционална интернет-мрежа во сите факултетски простории (предавални, кабинети, библиотека, медијатека, како и во административните служби). Поседува неопходна компјутерска опрема (персонални сметачи, печатари, скенери и др.). Наставата се одвива во добро опремени училници со ЛЦД-поддршка. Во интерес на наставата  опремена е една информатичка лабараторија. Факултетот располага и со една мултимедијална просторија.

Библиотеката и медијатеката при Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ – Скопје се опремени со голем број книги, прирачници и сл. Книжниот фонд постојано се обновува и за периодот 2019-2023 година тој изнесува: за 2019 г. изнесува 18 525 наслови; за 2020 г. – 18 472 наслови; за 2021 г. – 18 551; за 2022 г. – 18 604 и за 2023 г. – 18 633 наслови.

Факултетот располага со интернет-пристап и  со соодветно инсталирана компјутерска опрема. Студентите и наставниот кадар вклучувајќи ги и лицата со посебни потреби имаат пристап до сите ресурси. Потребно е модернизирање или замена на постоечката информатичка опрема со нова и посовремена.

За поефикасен наставен процес, по потреба се користи е-платформата за учење Microsoft Teams. Наставниот кадар, исто така, следеше обуки за примена на платформата i-Learn (learning management платформа развиена од УКИМ).

Студентите, како и наставниот кадар на Факултетот ја користат електронската платформа IKNOW која служи како студентски сервис. Конкретно, студентите преку IKNOW-системот пријавуваат испити, добиваат потписи за редовно следење на наставата, имаат преглед на пријавените и положените испити и слично.

**Прилози**

6.2.А. Линк  до дел од Извештајот од пописот  каде што се прикажани просториите со вкупна површина на Факултетот

6.2.Б. Линк до дел од Извештајот од пописот  каде што е прикажан библиотечниот фонд на Факултетот во

| | |
|---|---|
| последните пет години | |
| 6.3. Работата на помошните/административните служби е соодветно организирана и е во функција на внатрешното обезбедување на квалитет. Службите во својата работа ги земаат предвид флексибилните начини на учење и настава како и потребите на различната студентска популација (на пример, студентите постари од 25 години, вонредните и вработените студенти, студентите од странство и студентите со посебни потреби). Бројот на вработени во помошните/администра-тивните служби и нивниот профил е соодветен за бројот на студенти на сите видови на студии. Помошниот и административен кадар има можност за развој на сопствените компетенции. | Приказ на можностите кои постојат во рамките на помошните/административните служби за потребите на различната студентска популација студентите постари од 25 години, вонредните и вработените студенти, студентите од странство и студентите со посебни потреби;<br>Приказ на број на вработени и нивниот профил во помошните/административните служби;<br>Листа на вработени во помошниот и административниот кадар кои посетувале обука за развој на сопствените компетенции во изминатите пет години (со наведен период). |

*Овој дел го пополнува високообразовната установа. Објаснувањето на исполнувањето на индикаторот треба да биде конкретно, концизно и поткрепено со релевантни факти, информации, документи итн.*

Во рамките на Факултетот за извршување на стручните и административните работи постои стручна и административна служба со која раководи секретарот на Факултетот. Неа ја сочинуваат: Одделение за правни и општи работи, Одделение за финансиско, сметководствено и материјално работење, Одделение за библиотечно работење –библиотека и Одделение за студентски прашања, со вкупно 16 вработени.

Кадровската екипираност во Стручната и административна служба на Факултетот е соодветна и овозможува непречено реализирање на административните и на техничките активности на Факултетот. Дел од вработените во Службата по потреба се праќаат на обуки (на пример, еден од нив се вклучи во обуката за спроведување на анкетирањето во врска со самоевалуацијата).

Во Одделението за студентски прашања се вработени 6 лица кои благодарение на компјутеризираната евиденција и соодветниот софтвер (IKNOW), успешно одговараат на потребите на студентите. Одделението работи секој работен ден од 8:00 до 16:00 часот, а отворените часови за прием на студентите се од 12:00 до 14:00 часот секој работен ден, односно во периодот на заверка и упис на семестар од 10:00 до 14:00 часот.

**Прилози**

6.3.А. Линк до Правилник за внатрешна организација со органограм

| | |
|---|---|
| 6.4. Установата го поттикнува вклучувањето на студентите во научноистражувачки проекти на сите циклуси на студии. | Листа на студенти кои биле ангажирани во научноистражувачки проект на сите циклуси на студии во изминатите пет години (со назив на проектот, имплементатор на проектот, информација за финансирање и линк до резултатите од проектот);<br>Процент на студенти вклучени во научноистражувачки проекти во однос на вкупниот број на студенти по циклуси на студии. |

*Овој дел го пополнува високообразовната установа. Објаснувањето на исполнувањето на индикаторот треба да биде конкретно, концизно и поткрепено со релевантни факти, информации, документи итн.*

На Педагошкиот Факултет во Скопје се реализираат интерни научноистражувачки проекти во кои се вклучуваат и студенти. Бројот на студенти кои биле вклучени во научноистражувачките проекти на Факултетот во однос на вкупниот број на запишани студенти на сите циклуси студии е скромен и треба да се зголемува во иднина. Во продолжение е учеството изразено во бројки во интерни и во други научни проекти, односно вкупно 21 студент или 2,58 %:

- Учество на 5 студенти во проектот Study Visit with CBC LOJA кои во 2023 година престојуваа на обука во Виена
- Учество на 11 студенти во креативната работилница „Пинокио“ одржана во март,2024 година, под покровителство на амбасадата на Република Италија и на Националната галерија на Република Северна Македонија.
- Учество на 5 студенти во интерни научно-истражувачки проекти во 2023 и 2024 год

**Прилози**

6.4.А. Одлука за усвојување на научноистражувачки проекти, 2023 г.
6.4.Б. Одлука за усвојување на научноистражувачки проекти, 2024 г
6.4.В.Study Visit with CBC LOJA

| | |
|---|---|
| 6.5. Студентите имаат на располагање специфични форми на поддршка вклучувајќи: советник за академски развој кој го следи нивниот развој, дава поддршка за планирање на кариерата и други академски предизвици и/или функционален Центар за кариера, менторски сесии, психолошка поддршка и др. | Приказ на специфични форми на поддршка на студентите во установата;<br>Број на студенти кои користеле специфични форми на поддршка во последните пет години;<br>Приказ на услуги на Центар за кариера и спроведени активности во последните пет години;<br>Број на студенти кои следеле обука/тренинг/пракса или друг вид на поддршка преку Центарот за кариера во последните пет години. |

*Овој дел го пополнува високообразовната установа. Објаснувањето на исполнувањето на индикаторот треба да биде конкретно, концизно и поткрепено со релевантни факти, информации, документи итн.*

Факултетот постојано обезбедува подршка на студентите за нивниот академски развој преку индивидуални консултации со професорите и преку други форми на соработка. Наставниот и соработничкиот кадар обезбедува редовни термини за консултации што студентите ги користат за полесно совладување на материјалот за учење, за надминување одредени дилеми и прашања поврзани со одделни предмети, за советодавни активности поврзани со процесите на учењето и слично. Низ консултациите се постигнува полесен увид врз ангажираноста и врз активностите на студентот од страна на наставникот, како и врз сопствените постигања од страна на студентот што е во функција на нивното усогласено дејствување и во функција на валидноста на крајната оценка за постигањата. Заради поголема информираност и достапност до студентите термините редовно се објавуваат на ВЕБ-страницата на Факултетот (линк во прилог),

Во делот на поддршката за планирање на кариерата во 2024 година, Факултетот им овозможи на студентите да се вклучат во работилницата која беше во организација на Универзитетско студентско собрание – УКИМ и Центарот за кариера при УКИМ.

Во рамките на Факултетот сè уште не постои функционален Центар за кариера. Во наредниот период една од приоритетните задачи ќе биде неговото ставање во функција.

**Прилози**

6.5.А. Линк до термините за консултации кај наставниот кадар на Факултетот

6.5.Б. Линк до описот на работилницата за унапредување на вештините на студентите за кариерен развој

| | |
|---|---|
| 6.6. Установата има функционален систем за следење на членовите на Алумни заедницата. Алумни заедницата е вклучена во развојните планови на установата. Установата организира редовни настани и/или иницијативи преку кои се одржува контактот со завршените студенти. | Приказ на системот за следење на Алумни заедницата (доколку е применливо);<br>Број на членови на Алумни заедницата регистрирани во системот (доколку е применливо);<br>Приказ на активности со Алумни заедницата во последните пет години;<br>Доказ дека системот е функционален. |

*Овој дел го пополнува високообразовната установа. Објаснувањето на исполнувањето на индикаторот треба да биде конкретно, концизно и поткрепено со релевантни факти, информации, документи итн.*

Факултетот е во постојана соработка со институциите во кои се вработени неговите дипломирани студенти. Во таа насока се организираат средби, тркалезни маси, трибини со кои се продлабочува оваа соработка. Во наредниот период Педагошкиот факултет ќе работи на формирање на алумни-заедница.

**Прилози**

| | |
|---|---|
| 6.7. Студентите активно учествуваат во управувањето на установата. Во рамките на установата функционира студентско собрание и студентски правобранител односно негов заменик. Установата ги поддржува општествените, културните и спортските активности на студентите. Таа им овозможува | Акт во кој е регулирано прашањето за учеството на студентите во управувањето;<br>Приказ на учеството на студентите во органите на високообразовната установа (со релевантни показатели);<br>Одлука за избор на членови на Студентско собрание и извештај од последните спроведени избори;<br>Одлука за избор на студентски правобранител односно негов заменик; |

| | |
|---|---|
| простории, поддршка како и годишен буџет. | Приказ на поддржани општествени, културни и спортски активности на студенти од страна на установата (наведен со назив на активност, временски период, буџет) за последните пет години. |

*Овој дел го пополнува високообразовната установа. Објаснувањето на исполнувањето на индикаторот треба да биде конкретно, концизно и поткрепено со релевантни факти, информации, документи итн.*

Студентите на Педагошкиот факултет – Скопје се вклучени во работата на Факултетот, односно имаат свои претставници во Деканатската управа и во Наставно-научниот совет на Факултетот. Во Деканатската управа членува претседателот на Факултетското студентско собрание, додека во Наставно-научниот совет членуваат 6 претставници од Факултетското студентско собрание.

Студентите имаат свои претставници и во повеќе факултетски комисии: во Дисциплинската комисија, во Комисијата за самоевалуација и др.

Во рамките на Факултетот функционира студентско собрание. Факултетското студенстко собрание се залага за заштита на правата на студентите, како и за нивно застапување и овозможување подобра комуникација меѓу студентите и Факултетот.

Во извештајниот период не се реализирани спортски активности.

**Прилози**

6.7.А. Линк до Одлуката за избор на претставници од студентите во Деканатската Управа и во Наставно-научниот совет на Факултетот

6.7.Б. Линк до Одлуката за избор на претставници од студентите во Дисциплинската комисија

6.7.В. Линк до Одлуката за избор на претставници од студентите во Комисијата за самоевалуација

6.7.Г. Линк до Одлуката за избор на претставници од студентите во Советот за квалитет
6.7.Д. Линк до Одлуката за избор на претставници од студентите за претседател и членови на Факултетското студенско собрание

| | |
|---|---|
| 6.8. Студентите се запознаени со услугите и можностите кои им стојат на располагање. | Приказ за начинот на кој студентите се запознаваат со услугите и можностите кои има стојат на располагање;<br>Промотивни материјали, публикации или линк до објави на веб страна. |

*Овој дел го пополнува високообразовната установа. Објаснувањето на исполнувањето на индикаторот треба да биде конкретно, концизно и поткрепено со релевантни факти, информации, документи итн.*

Студентите се информирани со услугите и можностите кои им стојат на располагање во процесот на студирање преку информации објавени на ВЕБ-страницата на Факултетот и на Инстаграм, преку посета на организирани промотивни настани, преку публикување на промотивни материјали и други публикации и друго.

Секоја година Факултетот е дел од организацијата на настанот под мотото „Отворен ден на УКИМ – Отворен ден на Педагошки“.

**Прилози**

6.8.А.Линк до објави на ВЕБ-страницата на Факултетот
https://pfsko.ukim.edu.mk/

## Стандард 7

**СТАНДАРД 7: УПРАВУВАЊЕ СО ИНФОРМАЦИИ**

| Индикатор | Документација |
| --- | --- |
| 7.1. Високообразовната установа редовно прибира, анализира и користи информации кои се важни за успешно спроведување на студиските програми и другите активности. Преку ефикасен процес на собирање и анализа на податоци за студиските програми и другите активности, податоците се внесуваат во внатрешниот систем за обезбедување квалитет. | Опис и приказ на системот за прибирање и обработка на информации<br>Акт за регулирање (доколку е применливо)<br>Доказ дека системот е функционален. |

*Овој дел го пополнува високообразовната установа. Објаснувањето на исполнувањето на индикаторот треба да биде конкретно, концизно и поткрепено со релевантни факти, информации, документи итн.*

Основен функционален систем преку кој Факултетот врши прибирање и обработка на најголемиот дел од податоците и информациите важни за успешно спроведување на студиските програми и другите активности поврзани со наставно-образовниот процес е IKNOW-системот. IKNOW е систем што е развиен и одржуван од страна на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, а Факултетот како единица на УКИМ е нејзин корисник. Преку овој систем редовно се прибираат, се следат и се анализираат податоци за интересот на студентите за упис на соодветните студиски програми, бројот на запишани, дипломирани, магистрирани и докторирани студенти на соодветна студиска програма, просечниот успех, број на испишани студенти и сл. Во овој процес се вклучени сите засегнати страни (студентите, административните служби, наставничкиот и соработничкиот кадар на установата).

Во однос на прибирање, анализа и користење на информации за научноистражувачката работа на наставниот кадар на Факултетот се користи системот „Ризница на научни трудови на УКИМ“ кој претставува репозиториум на научни трудови и публикации и е јавно достапен. Таа претставува збирка на записи за научниот опус на Универзитетот, вклучително и на Педагошкиот факултет како единица на УКИМ. Ризницата на научни трудови е систем кој е развиен и одржуван од страна на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, а Факултетот како единица на УКИМ е нејзин корисник.

**Прилози**

7.1.А. Линк до IKNOW-системот
https://www.IKNOW.ukim.mk/

| Индикатор | Документација |
| --- | --- |
| 7.2. Информациите кои се прибираат се релевантни за профилот на установата односно студиските програми и вклучуваат: клучните показатели на успехот; профилот на студентската популација; напредокот на студентите, успехот и стапката на отпишување на студентите; степен на исполнетост на очекувањата од студиските програми од страна на студентите; ресурсите за учење и поддршката кои се достапни на студентите, податоците за вработување на дипломираните студенти и нивните кариери итн.<br>Студентите и вработените се вклучени во процесите на обезбедување и анализа на податоците како и во планирањето на активностите кои произлегуваат од нив. | Приказ на податоци кои се прибираат и начинот на анализа од прибраните податоци;<br>Конкретни примери на вклучување на студентите и вработени во процесот;<br>Конкретни примери на ползување на информациите обезбедени во процесот. |

*Овој дел го пополнува високообразовната установа. Објаснувањето на исполнувањето на индикаторот треба да биде конкретно, концизно и поткрепено со релевантни факти, информации, документи итн.*

На Педагошкиот факултет – Скопје се прибираат релевантни податоци за профилот и за дејноста на установата. Податоци кои редовно се прибираат и се анализираат, најчесто се однесуваат на: студентската популација; студиските програми; вработените во установата; напредокот на студентите; успехот и стапката на отпишување на студентите; ресурсите за учење и поддршката што им се достапни на студентите; податоците за соработка на установата со институции во и надвор од земјата, податоците за одржани настани, активности итн.

Сите податоци поврзани со студентската популација се обезбедуваат преку софтверската апликација IKNOW.

Студентите и вработените се вклучени во процесите на обезбедување и анализа на податоците, како и во планирањето на активностите што произлегуваат од нив.

На пример, студентите се директно вклучени при прибирање податоци за анализа на квалитетот на наставно-образовниот процес (во Комисијата за самоевалуација и во Советот за квалитет), додека пак вработените се вклучени во обезбедување податоци поврзани со нивната наставно-научна работа (вклученост и реализација на настава, вклученост во истражувања и проекти, трудови, учество на конференции и сл.).

Податоците и информациите обезбедени во овие процеси се ползуваат за планирање на активностите на Факултетот, како на пример промотивни активности и уписна политика, подобрување на наставата и наставните методи, подобрување на условите за студирање, вмрежување со странски партнери, подобрување на меѓународната соработка и соработката со партнерските институции.

Исто така, податоците прибрани од анкетата за самоевалуација на квалитетот на наставата која се спроведува во текот на секој семестар претставуваат индикатор кој е вклучен во рефератот за избор на секој наставник. Резултатите од самоевалуацијата се споделени со секој наставник, а вкупниот просек е анализиран со цел да се утврди просечната оценка на важност за наставниот кадар (од Педагошкиот факултет – Скопје) по семестри за набљудуваниот период; потоа вкупен просек по кадар (од Педагошкиот факултет – Скопје) за сите анализирани аспекти по семестри за набљудуваниот период и вкупен просек по пооделни аспекти за целиот ангажиран кадар кој учествувал во изведување на наставата на Педагошкиот факултет – Скопје по семестри за целиот период.

**Прилози**

7.2.А. Линк до Одлуката за претставници на студенти во Комисијата за самоевалуација на Факултетот

7.2.Б. Линк до Одлуката за претставници студенти во Советот за квалитет на Факултетот

| | |
|---|---|
| 7.3. Установата води регистар на значајни настани, активности и процеси. Податоците се собираат, анализираат и се користат потребите на стратешкиот менаџмент на установата. | Информација за значајни настани, активности и процеси. |

*Овој дел го пополнува високообразовната установа. Објаснувањето на исполнувањето на индикаторот треба да биде конкретно, концизно и поткрепено со релевантни факти, информации, документи итн.*

На Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ – Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје годишно се организираат и се одржуваат голем број настани и активности во насока на унапредување на образовниот процес, како: научноистражувачки активности, научноистражувачки проекти, како и вмрежување со сродните институции во државата.

Информациите за значајните настани, активности и процеси, Факултетот редовно ги објавува во Годишните извештаи, како и на ВЕБ-страницата на установата која редовно се ажурира, во следните делови: информации за делот наука; информации за меѓународна соработка; тековни информации; информации од јавен карактер; настани на Факултетот и сл. Но, сè уште не постои официјален регистар.

Прибраните податоци по различни основи редовно се анализираат и се дискутираат на Деканатската управа и на ННС, при што се изведуваат соодветни заклучоци и се носат одлуки засновани на податоци врз основа на кои се прават измени и подобрувања за следните години.

**Прилози**

7.3.А. Линк до ВЕБ-страницата на Факултетот https://pfsko.ukim.edu.mk/

| | |
|---|---|
| 7.4. Безбедноста на информациите (во печатена | Акт на установата; |

| | |
|---|---|
| и електронска форма) особено на информациите поврзани со податоците на студентите, резултатите од испитите, дискусијата на дигиталните платформи итн. е заштитена. Установата соодветно ги штити личните податоци на сите засегнати страни. | Опис на практиката за заштита на личните податоци;<br>Други релевантни документи или политики на установата. |

*Овој дел го пополнува високообразовната установа. Објаснувањето на исполнувањето на индикаторот треба да биде конкретно, концизно и поткрепено со релевантни факти, информации, документи итн.*

Во рамките на својата дејност во доменот на образованието и науката, Педагошкиот факултет – Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, врши собирање, чување и обработка на лични податоци на субјекти во согласност со одредбите на Законот за заштита на лични податоци и другите релеванти законски прописи, применувајќи соодветни технички и организациски мерки за обезбедување на безбедност на личните податоци.

Безбедноста на информациите поврзани со податоците на студентите, Факултетот соодветно ја обезбедува, односно ги штити личните податоци во согласност со Законот за заштита на лични податоци и со Правилникот за техничките и организациските мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци.

Обработката на податоците на студентите од Факултетот, како единица на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, се врши преку IKNOW-системот. Притоа Факултетот само е корисник на наведениот систем, а за системот и за неговото одржување се грижи Универзитетот. Секој студент и секој наставник на Факултетот може да пристапи до системот преку своја лозинка.

Во однос на податоците кои се прибираат во хартиена форма, во согласност со Законот за високото образование и во согласност со Статутот на УКИМ, утврдени се податоците кои ќе се обработуваат во студентксите досиеја. При запишувањето во прва година, студентите потпишуваат изјави со кои даваат согласност нивните лични податоци да бидат обработувани за соодветни цели.

**Прилози**

7.4.А. Линк до Правилникот за техничките и организациските мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци

## Стандард 8

| СТАНДАРД 8: ИНФОРМИРАЊЕ НА ЈАВНОСТА | |
|---|---|
| **Индикатор** | **Документација** |
| 8.1. Високообразовната установа редовно објавува податоци за своите активности и за студиските програми. Информациите објавени на веб страната и другите медиуми (печатени, социјални медиуми) на установата се точни, јасни, прецизни, објективни, ажурирани и лесно достапни. Установата редовно учествува или организира саеми на кои ги презентира своите активности и студиски програми. Информациите кои се однесуваат на активностите на високообразовните установи се корисни за потенцијалните и за тековните студенти, како и за поранешните студенти, други лица и јавноста. | Линк до објави или достава на печатени материјали преку кои се објавуваат активности на установата;<br>Извештај за спроведени активности, прес клипинг или друг релевантен приказ за присуството во медиумите;<br>Извештај за учество или организација на саем/и;<br>Други релевантни материјали или конкретни примери. |

*Овој дел го пополнува високообразовната установа. Објаснувањето на исполнувањето на индикаторот треба да биде конкретно, концизно и поткрепено со релевантни факти, информации, документи итн.*

Факултетот редовно обезбедува информации кои произлегуваат од соработката со: Центарот за кариера,

Центарот за доживотно-перманентно учење, Центарот за педагошки истражувања и анализи и Дидактичко-методичкиот центар, како и со Институтите, во координација со продеканот за настава и со деканот.

Педагошкиот факултет – Скопје постојано реализира промотивни активности во рамките на Стратегијата за промоција на Факултетот:
1. Промотивна кампања на ВЕБ-страницата на Факултетот, на Фејсбук и на Инстаграм
2. Организација и реализирање на промотивен настан „Отворен ден на УКИМ – Отворен ден на Педагошкиот факултет"
3. Промоција на студиските програми пред учениците од гимназиите и од другите средни училишта
4. Организација на Првиот академски час
5. Одбележување на Патрониот празник на Факултетот со богата културна програма и наставно-научни активности.

Промотивната кампања на Фејсбук и на Инстаграм се реализира постојано преку постови за претставување на Факултетот, за информации за претстојните уписи, како и за преставување на секој од Институтите на Факултетот одделно. Промотивната кампања на ВЕБ-страницата на Факултетот се реализира, исто така, постојано преку објавување реализирани значајни и актуелни активности , како и активности во најава во кои може да се вклучат и наставниот кадар и студентите на Факултетот. Промотивните активности со физичко присуство во средните училишта низ Републиката се спроведуваат во месеците: март, април и мај.

По пандемските години кога промоциите се одржуваа на онлајн-платформи, се продолжи со претходно востановената традиција за реализирање на промотивните активности како настани од отворен тип.

**Прилози**

8.1.А. Линк до објави или достава на печатени материјали преку кои се објавуваат активности на установата

8.1.Б.Линк до објавата за Прв академски час на Факултетот

8.1.В.Линк до објавата за Патрониот празник

8.1.Г. Адреса на Инстаграм
pedagoskifakultetskopje

8.1.Д. ВЕБ-страница
https://pfsko.ukim.edu.mk/

| | |
|---|---|
| 8.2. Високообразовната установа има објавено податоци за своите активности, вклучително и информации за студиските програми кои ги реализираат, критериумите за упис, предвидените цели од учењето, квалификациите со кои студентот се стекнува како резултат на учењето, постапките кои се применуваат во наставата, учењето и оценувањето, стапките на проодност и условите за учење кои им се на располагање на студентите, информациите за потенцијално вработување на дипломираните студенти како и документите предвидени во член 21 став 3 од Законот за високо образование. | Линк до наведените елементи во индикатори;<br>Линкови до документите предвидени во член 21 став 3 од ЗВО: Статутот на единицата (со сите измени и дополнувања) и другите акти со кои се уредуваат внатрешните односи; 2. Решението за акредитација на секоја студиска програма одделно и решение за почеток со работа за секоја студиска програма одделно; 3. Актот за систематизација; 4. Деловникот за работа на наставно-научниот, односно научниот совет; 5. Правилникот за плати и надоместоци на единицата; 6. Извештај и одлука за последен избор во звање за секој наставник и соработник објавен во Билтенот, 7. Распоредот на работни задачи за тековната учебна година, 8. Завршна сметка, 9. Годишен извештај, 10. Прифатени теми за изработка на магистерски трудови; 11. Прифатени теми за изработка на докторски трудови; 12. Акти кои ги носи единицата согласно други закони и 13. Етичкиот кодекс. |

*Овој дел го пополнува високообразовната установа. Објаснувањето на исполнувањето на индикаторот треба да биде конкретно, концизно и поткрепено со релевантни факти, информации, документи итн.*

Податоците на установата редовно се објавуваат и се ажурираат на ВЕБ-страницата на Факултетот.

| |
|---|
| Педагошкиот факултет – Скопје ги има објавено сите релеватни информации за студиските програми, критериумите за упис, целите на учењето, квалификациите со кои се стекнуваат кандидатите, како и за пристапот во однос на наставниот процес за сите три циклуси – прв, втор и трет циклус.<br>- Информациите за студиските програми на прв, втор и трет циклус може да се најдат на ВЕБ-страницата на Факултетот<br>- Критериумите за упис се предвидени со конкурсите што се објавуваат за сите три циклуси на студии од страна на МОН и на УКИМ<br>- Предвидените цели од учењето се застапени во студиските и во предметните програми за сите три циклуси што се објавени на ВЕБ-страницата на Факултетот<br>- Квалификациите со кои се стекнуваат студентите по завршувањето на студиите, исто така може да се најдат во студиските програми за сите три циклуси студии.<br>- Постапките што се применуваат во наставата, во учењето и во оценувањето се наоѓаат одделно во рамките на секоја од застапените предметни програми.<br>- Условите за учење што им се на располагање на студентите како информација им се достапни преку ВЕБ-страницата на Факултетот. |
| **Прилози**<br><br>8.2.А. Линк до Статутот на УКИМ<br>https://pfsko.ukim.edu.mk/wp-content/uploads/2023/08/2.-STATUT_UKIM-6.6.2019.pdf<br><br>8.2.Б. Линк до Статутот и до Деловникот на Педагошкиот факултет – Скопје<br><br>8.2.В. Линк до Правилникот за систематизација на Факултетот<br><br>8.2.Г. Линк до Одлуката за плати<br><br>8.2.Д. Линк до Завршната сметка на Факултетот<br><br>8.2.Ѓ.Линк до Етичкиот кодекс на УКИМ<br><br>8.2.Е. Линк до Одлуките за избор во звање за секој професор одделно<br><br>8.2.Ж. Линкови до одобрени теми за магистерски и за докторски трудови<br><br>8.2.Ѕ.Линк до одобрена тема за магистерски труд<br><br>8.2.И.Линк до одобрена тема за докторски труд<br><br>8.2.Ј. Линкови до Решенијата за акредитација на студиските програми од прв и од втор циклус студии:<br>https://pfsko.ukim.edu.mk/dokumenti/resenija-za-akreditacija1/<br>https://pfsko.ukim.edu.mk/dokumenti/resenija-za-akreditacija2/<br><br>8.2.К. Линк до Решенијата за акредитација на студиските програми од трет циклус студии:<br>https://pfsko.ukim.edu.mk/dokumenti/resenija-za-akreditacija3/ |

| | |
|---|---|
| 8.3. Клучните исходи од учењето и од научноистражувачката работа се објавуваат на веб страната на установата. На пример, пред одбрана на докторската дисертација, истата задолжително се објавува на веб страната на високообразовната установа на која се изведува третиот циклус на студии (доколку е применливо). | Линк до релевантни објави на веб страната на установата поврзани со исходите од учењето или научноистражувачката работа;<br>Линк до објавени докторски дисертации и други релевантни исходи од учењето (доколку е променливо). |
| *Овој дел го пополнува високообразовната установа. Објаснувањето на исполнувањето на индикаторот* | |

*треба да биде конкретно, концизно и поткрепено со релевантни факти, информации, документи итн.*

Педагошкиот факултет редовно ги објавува закажаните одбрани на докторските дисертации, како и одбраните на магистерските трудови. Истовремено магистерските трудови и докторските дисертации се достапни во физичка форма во бибилиотеката на Педагошкиот факултет – Скопје и во НУБ „Св. Климент Охридски“ во Скопје.

Термините за одбрана на магистерските трудови и на докторските дисертации се објавуваат на огласната табла на Факултетот и во средствата за јавно информирање седум дена пред закажаната одбрана.

**Прилози**

8.3.А. Линк до Одлуките за прифаќање на Завршните извештаи од научноистражувачките проекти
8.3.Б. Линк до објавените докторски дисертации

## Стандард 9

| СТАНДАРД 9:МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА И ИНТЕРНАЦИОНАЛИЗАЦИЈА | |
|---|---|
| **Индикатор** | **Документација** |
| 9.1. Студентите активно ги користат можностите за мобилност на студентите. Мобилноста е соодветно вреднувана и признаена. | Број и листа на студенти кои користеле мобилност прикажани по студиски програми во последните пет години за сите циклуси на студии (со приказ на период на мобилност, институција – домаќин, студиска програма) вклучувајќи мобилност преку програмата Еразмус+;<br>Процент на студенти кои користеле мобилност како дел од вкупниот број на студенти (за последните пет академски години, за сите циклуси на студии);<br>Информација за практиката на соодветно вреднување и признавање на мобилноста на студентите (акт/и или конкретни примери). |

*Овој дел го пополнува високообразовната установа. Објаснувањето на исполнувањето на индикаторот треба да биде конкретно, концизно и поткрепено со релевантни факти, информации, документи итн.*

Педагошкиот факултет, во соработка со другите педагошки факултети од нашата земја, остварува меѓународни проекти заедно со Центарот за балканска соработка „LOJA“ (2019-2023 година). Во рамките на оваа соработка се реализираа обуки и работилници, како и мобилност на студентите и наставниот кадар во државата и надвор од неа, со посета на градинки, основни и средни училишта, факултети, културни и научни институции и друго. Дел од овој проект во 2023 година се реализираше во Виенакаде што учествуваа 5 студенти (0,61 %).

По повод 140-годишнината од објавувањето на книгата „Авантурите на Пинокио – приказна за куклата“ од Карло Колоди, во март 2024 година, беше организирана креативна работилница  под наслов „Пинокио“  со учество на студенти и професори од Педагошкиот факултет. Целиот настан се одржа под покровителство на амбасадата на Република Италија и на Националната галерија на Република Северна Македонија. Во него учествуваа 11 студенти или 1,35 %

**Прилози**

9.1.А. Линк до Картата на Факултетот:

9.1.Б. Study Visit with CBC LOJA   (документ во фолдерот)

| | |
|---|---|
| 9.2. Установата има развиено политика за меѓународна соработка и интернационализација. Таа има утврдено индикатори за исполнување на приоритетите на меѓународната соработка и интернационализација. Овие индикатори редовно се следат.<br>Определено е посебно тело надлежно за меѓународната соработка и интернационали- | Акт/политика за меѓународна соработка и интернационализација;<br>Индикатори за исполнување на приоритетите на меѓународната соработка и интернационализација;<br>Извештај од следење на индикаторите за исполнување на приоритетите на меѓународната соработка;<br>Акт за формирање на посебно тело надлежно за меѓународна соработка и интернационализација;<br>Записници од одржани седници или друг документ кој покажува дека телото |

| | |
|---|---|
| зација во рамките на установата. | е функционално (годишен план, извештај од спроведени активности итн). |

*Овој дел го пополнува високообразовната установа. Објаснувањето на исполнувањето на индикаторот треба да биде конкретно, концизно и поткрепено со релевантни факти, информации, документи итн.*

Меѓународната соработка претставува основа за вмрежување на Факултетот со други сродни факултети во нашата држава и надвор од неа. Целта на ваквиот пристап е заемна поддршка во реализацијата на наставно-научните активности, како и во остварувањето на мобилноста на професорите и на студентите.

Од своето основање Факултетот редовно се залага за развој и за одржување квалитетна меѓународна соработка. Во таа насока Педагошкиот факултет е основач на Балканската асоцијација на учителски факултети од која произлезе серија на балкански конгреси (вкупно 14 одржани конференции) и потесна соработка меѓу четирите факултети – соорганизатори на конгресите: УКИМ, Педагошки факултет „Св. Климент Охридски" – Скопје; Универзитетот во Загреб – Учителски факултет во Загреб, Република Хрватска; Тракиски универзитет – Учителски факултет во Едрене, Република Турција; Тракиски универзитет – Педагошки факултет во Стара Загора, Република Бугарија. Во октомври 2024 година ќе се одржи 15. Балканска конференција, што значи продолжување на претходно востановената традиција за соработка меѓу гореименуваните факултети.

Дел од наставно-научниот кадар е вклучен во одборите на меѓународни конференции, научни списанија, научни асоцијации и друго.

Во интерес на квалитетна меѓународна соработка Факултетот има склучени меѓународни билатерални договори со сродни факултети од соработнички универзитети во други земји. Во последниве години се склучени седум вакви договори. Меѓународната соработка досега ја координираше и уште ја координира продеканот за наука заедно со деканатската управа. Од овие причини не е формирано посебно тело за меѓународна соработка, но веруваме дека ќе се формира во скора иднина.

**Прилози**

9.2.А. Линк до Меморандумот за соработка со Факултетот за образование на учители и воспитувачи при Универзитетот во Белград, Р Србија

9.2.Б. Линк до Меморандумот за соработка со Основното училиште „Хинко Смрекар" во Љубљана, Р Словенија

9.2.В. Линк до Меморандумите за соработка со 13 основни училишта и со 5 предучилишни институции

| | |
|---|---|
| 9.3. Установата има на располагање соодветни финансиски ресурси за реализација на меѓународна соработка. За потребите на меѓународната соработка установата одвојува финансиски ресурси од сопствените приходи, но и користи средства од националниот буџет, странски донатори и програми, локалната самоуправа итн. | Преглед на планирани и искористени финансиски средства за меѓународна соработка на установата во последните пет години со приказ на изворот на финансирање (буџет, сопствени приходи итн.). |

*Овој дел го пополнува високообразовната установа. Објаснувањето на исполнувањето на индикаторот треба да биде конкретно, концизно и поткрепено со релевантни факти, информации, документи итн.*

Во рамките на вкупните приходи со кои располага Факултетот, се издвојуваат средства за финансирање на определени активности на полето на меѓународната соработка. Со акт на Факултетот е предвидено да се покријат сите трошоци за учество на професорите на конференциите организирани од четирите факултети што се именувани во индикаторот 9.2. Исто така, Факултетот целосно ги покрива сите трошоци доколку е организатор на ваква конференција. Последната конференција што ја организираше и финансиски ја покриваше Педагошкиот факултет се одржа во Охрид во 2019 година.
Нашиот факултет има определен годишен буџет од 300 евра во денарска противвредност за покривање на дел од трошоците за учество на наставниот кадар на научни конференции и конгреси во нашата земја и во странство.

Од остварените приходи на Факултетот се предвидени финансии за реализација на научноистражувачки

проекти. Во периодот 2019/2024 година за интерни научноистражувачки проекти се издвоени 4 320 000 денари, а за надворешни научноистражувачки проекти 3 851 666 денари.

Факултетот за дел од проектните активности што ги реализира како координатор (Еразмус+ и други) или како партнер, во согласност со правилниците на УКИМ, се финансира преку Универзитетот, односно распределбата на финансиските средства за овие научноистражувачки проекти се врши преку Ректоратот на Универзитетот до сите единки па и до Педагошкиот факултет.

**Прилози**

9.3.А. Линк до Извештајот за реализиран финансиски план за работењето на ПФСКО за период 2019-2024

9.3.Б.Линк до Извештајот за финансирани ИП од вработени професори на ПФСКО за периодот 2019-2024

| | |
|---|---|
| 9.4. Установата соработува со други институции во земјата и странство во функција на реализација на студиските програми. Реализира заеднички проекти со странски универзитети (конференции, мобилност и други соработки), а резултатите од тие проекти се релевантни за студиските програми. Установата реализира заеднички програми со странски универзитети. | Листа на договори за меѓународна соработка вклучувајќи и за програмата Еразмус+;<br>Приказ на конкретни соработки (конференции, мобилност и други соработки) со други институции во земјата и странство (приказ за последните пет години со опис на соработката и релевантноста за студиските програми);<br>Број и листа на наставен кадар кој учествувал во формите на меѓународна соработка (прикажан по години за последните пет години);<br>Информација за реализација на заеднички програми со странски универзитети. |

*Овој дел го пополнува високообразовната установа. Објаснувањето на исполнувањето на индикаторот треба да биде конкретно, концизно и поткрепено со релевантни факти, информации, документи итн.*

Факултетот се стреми да им овозможи на своите вработени и студенти да се вклучат активно во меѓународни активности и вмрежување. За да ја оствари таа цел во извештајниот период се реализираа активности во следниве области.

(1) Меморандуми и договори
За да се овозможи поддршка на меѓународната соработка Педагошкиот факултет – Скопје настојува постојано да потпишува договори или меморандуми за соработка со институции од Република Северна Македонија и од странство.

(2) Меѓународни конференции
- 18th FIEPS European Congress & 6th Scientific Conference – RPESH, одржан во Охрид 2024

**Прилози**

9.4.А. Линк до меѓународната конференција:
https://fieps.mk/

9.4.Б. Линк до Картата на Факултетот:

| | |
|---|---|
| 9.5. Установата има востановено систем за привлекување на наставници и студенти од странство. Странски професори редовно се вклучуваат во наставата, ангажирани се како ментори или членови на комисии за оценка на магистерски и докторски трудови итн. Бројот на странски студенти се зголемува. | Листа на наставници од странство кои изведуваат настава или се вклучени во наставата (со информација за обемот на учеството во наставата, периодот и матичната високообразовна установа);<br>Листа на наставници од странство вклучени како ментори или членови на комисии за оцена/одбрана на магистерски и докторски трудови;<br>Број на запишани странски студенти по студиски програма за сите циклуси на студии во изминатите пет години. |

*Овој дел го пополнува високообразовната установа. Објаснувањето на исполнувањето на индикаторот треба да биде конкретно, концизно и поткрепено со релевантни факти, информации, документи итн.*

Педагошкиот факултет – Скопје е вклучен во повеќе активности на полето на меѓународната соработка. Во последно време е зголемен бројот на заинтересирани кандидати од соседните земји за запишување на трет

циклус студии.

Во изминатиот период на меѓународен план, во рамките на наставно-научни и промотивни средби, Педагошкиот факултет се промовираше со презентации и со богат рекламен материјал со цел да се промовира факултетот и да се остави можност за соработка на повисоко ниво.

Во издание на Педагошкиот факултет во
последните пет години беа објавени повеќе броја на меѓународното списание „Педагошка ревија"и тоа (УДК 37 ISSN 1857-7105 ISSN 2545-4307):

Педагошка ревија (Научно списание за образовни прашања), Година 10 бр.1/2019
Педагошка ревија (Научно списание за образовни прашања), Година 10 бр.2/2019

Педагошка ревија (Научно списание за образовни прашања), Година 11 бр. 1/2020
Педагошка ревија (Научно списание за образовни прашања),Година11бр.2/2020

Педагошка ревија (Научно списание за образовни прашања), Година 12 бр. 1/2021
Педагошка ревија (Научно списание за образовни прашања), година12, бр.1/2021

Педагошка ревија (Научно списание за образовни прашања), Година 13 бр. 1/2022
Педагошка ревија (Научно списание за образовни прашања), Година 13 бр. 2/2022

Странските визитинг-професори се вклучуваат во наставата на Факултетот и се ангажираат како гости предавачи по одделни предмети од студиските програми. Во 2023 година Визитинг-предавања одржа д-р Сања Благданиќ, редовен професор на Учителскиот факултет во Београд – Универзитет во Београд

**Прилози**

9.5.А.Линк до Одлуката за ангажирање визитинг професор

## 3. ДОПОЛНИТЕЛНИ ИНФОРМАЦИИ

| ДОПОЛНИТЕЛНИ ИНФОРМАЦИИ |
|---|
| Во овој дел може да се доставаат дополнителни информации релевантни за квалитетот на високото образование. Овој дел не треба да биде подолг од 3 страници. |
| |
| |

**Пример 1**

## Изјава

Под полна материјална и кривична одговорност јас, ___________________________со ЕМБГ ___________________________, одговорно лице во високообразовната установа_________________ изјавувам дека сите податоци прикажани во Извештајот од самоевалуација на високобразовната установа ___________________________ за периодот ___________________________ се точни и вистинити.

ИЗЈАВИЛ,

_________________________
(име и презиме)

_________________________
(своерачен потпис)